MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

April 15, 2025 ■ Volume 42, Issue 6 (476) ■ Free www.macedonianewspaper.com



# LERIN REGION MACEDONIAN CULTURAL ASSOCIATION OF CANADA

# MOTHER'S DAY CELEBRATION

**Sunday, May 4, 2025, 12 Noon**

**St Clement of Ohrid, Main Hall**

**Luncheon $60/adult, $25/child under 16**

**Sonja & Oliver Band**



**By reservation only. Please contact:**

Mary Outow 416-400-5475
Jim Mangos 647-333-8052
Peter Medichkov 416-737-9546



МЕТОДИЈ, ПО МИЛОСТА БОЖЈА МИТРОПОЛИТ НА
АМЕРИКАНСКО-КАНАДСКАТА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА,
ДО СВЕШТЕНОСЛУЖИТЕЛИТЕ, ДУХОВНИТЕ ЧЕДА, БРАЌА И СЕСТРИ ВО ХРИСТА, ЧЛЕНОВИ НА НАШАТА СВЕТА МАКЕДОНСКА ЕПАРХИЈА,
ВИ ИСПРАЌАМ МИР И РАДОСТ ОД БОГА, ПОЗДРАВУВАЈЌИ ВЕ СО НАЈРАДОСНИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПОЗДРАВ

ХРИСТОС ВОСКРЕСНА!!!

**Возљубени духовни чеда,**

Размислувајќи за празникот на Воскресението, нашите мисли се сосредоточени кон нашиот Господ Исус Христос, Зачетникот и Довршителот на нашата вера (Евр. 12,2). Христос, Кој на крстот извика „Се сврши,“ е Оној од Кого се започнува и во Кого се се совршува. Тој е образот на невидливиот Бог, преку Чија крв се измирија небесното и земното (Колос. 1,15-20). Спасението е остварено. Искупителното дело е завршено. Никој не може нешто да одземе, ниту пак да додаде на Христовата жртва. Таа е совршена – доволна да го исцели човечкиот род и да ги покрие сите гревови: минати, сегашни и идни.



**Митрополит Американско-Канадски †Методиј**

За мнозина денес Христос е само морален и добар учител со исклучителен животен пример, што пак создава вистински проблем за разбирање на домостројот, икономијата на Божјото спасение. Помеѓу многуте добри учители низ историјата, зошто ние токму на Христа би Му се поклониле и во Него би верувале? Но, Светото Писмо не учи дека Христос е многу повеќе од обичен и добар човек. Тој е Вечната Мудрост божја – Логосот божји Кој е совечен со Отецот и преку Кого се е создадено. Секогаш бил, е, и секогаш ќе биде. Ниту почнува, ниту престанува да постои, зашто Самиот е создател на времето и просторот. Тој е Архитектот на Универзумот и Изворот на Животот во Кого активно се се одржува: сета материја, сите елементи, атоми и молекули, целиот генетски код со сета своја комплексност – се опстојува и се одржува само заради Христа.

Ете Тој е Спасителот Христос во Кого ние веруваме, Кој заради Својата неизмерна љубов кон човештвото одлучи да стане човек и страдајќи на крстот да не измири со Бога Отецот. Умирајќи како човек, ни покажа што значи да се биде Бог. Токму затоа во Него веруваме и Нему му се поклонуваме – затоа што иако Бог, стана човек и ни ги отвори вратите кон полнотата на созданието.

**Чеда мои во Христа Воскреснатиот,**

Пасхата Христова е најстариот и најистакнатиот празник во Црквата и се наоѓа во фокусот на литургискиот циклус. Основите на празникот се втемелени врз Старозаветната наратива во која Бог ги поштеди првородените од Израиловиот род од сигурна смрт – оние кои со крв од младо јагне ги попрскаа вратите и праговите на нивните домови. (2 Мојс. 12,2-14) Но, тие беа поштедени од смрт на првородените не заради крвта од јагнињата со која беа попрскани нивните врати, туку заради тоа што таа крв беше символ и знак предвесник за бесценетата Христова крв со која Тој го спаси светот. Според зборовите на св. Апостол Павле, Христос е „нашата Новозаветна Пасха“ – Тој е исполнување на праобразот (1 Кор. 5,7). Тој е совршеното јагне Божјо, Кое врз Себе ги зеде гревовите на светот (Јвн 1,29), а Неговата скапоцена крв е таа која не чува од вечна смрт. И така, за сите нас кои Го прифаќаме како наша Пасха општејќи со Неговата крв, Христос станува наш штит на победата и спасението врз Кој смртта нема повеќе сила.

**Возљубени во Господа,**

Христос не само што не очисти од гревот и не запази од смртта, Тој воскресна од мртвите станувајќи првина за сите нас, ветувајќи дека и ние ќе воскреснеме со Него во Денот Господов. Гледајќи го чудото на првото велигденско утро, жените мироносици збунети и разочарани, беа божественно потсетени на воскресението. „Зошто Го барате Живиот меѓу мртвите? Тој не е овде, а воскресна!“ (Лука 24,1-7). Верата во Христа е и вера во тајната на Христовото Воскресение. Тој иако Бог, стана човек за да може како човек да се справи со смртта, бидејќи само човекот требаше да умре, а само Бог можеше да го стори тоа за сите. Зашто како што смртта дојде преку човек - Адам, така и воскресението дојде преку Човек - Христос. И како што по Адам сите умираат, така и во Христа сите ќе оживеат. (1 Кор. 15,20-26). Па така, сите кои во Него веруваме, со Него и ќе воскреснеме за спасение и вечен живот.

**Мили мои духовни чеда,**

Да се верува во Христа Воскреснатиот, значи да се учествува во Неговата смрт и воскресение, а почетокот на тој подвиг е преку светата тајна крштавање. Св. Апостол Павле вели „... ние кои се крстивме во Исуса Христа, во Неговата смрт се крстивме. И така, ние се погребавме со него преку крштевањето во смртта“ (Рим. 6,3-5). Преку Неговата смрт, самиот Христос не воведува во полнотата на постоењето. „Се сврши,“ извика Христос на крстот, заокружувајќи го циклусот на креацијата на човештвото (Јвн 19,30). Со исклучок на човекот, целото создание беше воведено во постоење преку заповедта божја – „Нека биде...“. Само човекот беше создаден преку советот на Светата Троица – „Да создадеме човек според нашиот образ и подобие...“ (Битие 1). И така, за да станеме битија во полното значење на божјата замисла, ние треба доброволно да ги предадеме нашите животи земајќи учество во Христовата смрт, преку која Тој го заврши создавието на човекот, воведувајќи не во вечен живот. Но, за тоа е потребно ние да кажеме „нека биде,“ та преку крштевањето и преку секојдневниот подвиг на „умирање“ за светот, ние да можеме да учествуваме во усовршувањето на нашето постоење. За да станеме вистински битија според божјиот образ и подобие ние мора секојдневно да го земаме својот крст и да врвиме по Него. Наместо безволно да станеме предмет на налетот на смртта, нам ни е понудено доброволно да „умреме,“ зашто само така вистински ќе бидеме воведени во живот кој е вечен и врз кој смртта нема никаква сила. Зашто „кој сака да ја спаси душата своја, ќе ја загуби, а кој ќе ја загуби заради мене, тој ќе ја спаси.“ (Лука 9,24) И така, „...како што Христос воскресна од мртвита така и ние... ќе бидеме соучесници и во воскресението.“ (Рим. 6,3-5).

**Возљубени духовни чеда,**

Христос не не оставил ниту заборавил. Две илјади години подоцна и нам ни се јавува исто како и на учениците на патот за Емаус. Иако веднаш не го препознаа, нивните очи се отворија откако Тој им ги толкуваше Писмата и го раскрши лебот – тогаш вели Светото Писмо, нивните „срца гореа.“ (Лука 24,13-32) Истиот тој свет оган, кој гореше во нивните срца, гори и во нас додека учествуваме во Светата Литургија – слушајќи ги Писмата кои говорат за надежта на Неговото воскресение и примајќи го Лебот – Неговото Пречисто Тело со кое се соединуваме. За средба со Христа не мора да го чекаме Неговото Второ Доаѓање, зашто дадена ни е привилегијата да се среќаваме и вистински да општиме со Него секогаш кога литургиски се собираме. Самиот Христос е посреди нас. Тој Самиот ни ги толкува Евангелијата и Тој Самиот не причестува со Своето Пречисто Тело. Со Него ние стануваме по благодат она што е Тој по природа. Па така, не постоиме веќе сами, индивидуи, туку битствуваме во Него Кој не прави личности во полнота. Во Неговата смрт умираме, и во Неговото воскресение воскреснуваме, за Тој да биде се во се.

**Благоверни Христови последователи,**

И овој Велигден сме исправени пред предизвикот на духовната обнова на нашиот народ. Христос, стои посреди нас и не подтикнува духовно лично да се изградуваме, како и да вложиме сериозни напори во духовната наобразба на своите семејства. Не смееме да заборавиме дека битката за македонскиот идентитет не е само политичка, во парламентите, конгресите и политичките групи. Нашата битка е истовремено, или пред се, духовна. Со сета трезвеност треба да се бориме за чистотата и цврстината на нашите семејства. Силната посветеност и љубов кон Бога ќе вродат во силни и способни личности, квалитетни семејства и Цркви кои се преполни со верни парохјани. Ќе уживаме во прекрасните глетки на мноштво дечиња кои ќе служат во Олтарите; хорови составени од младинци кои ревносно ќе го слават Бога; ќе оргагнизираме „Неделни Училишта“ и „Младински Кампови“ во кои децата и младите ќе го учат мајчиниот јазик и ќе се зацврстуваат во православната духовност. Само така ќе можеме вистински одговориме на предизвиците на овој свет. Силен народ е оној кој е силен во Бога.

**Мили мои во Христа,**

Радувајте се и веселете се заради придобивките на Воскреснатиот! Радувајте се на празникот над празниците и прославата над прославите! Радувајте се зашто ја славиме победата над победите! Преку Неговата смрт, смртта е победена и вечниот живот е востановен.

Оној кој сака да се насити, нека повели при Христа – Лебот на Животот
Оној кој сака мир да прими, нека дојде кај Него – Изворот на Мирот
Оној кој сака да победи, нека пристапи кон Победникот
Оној кој сака да воскресне, нека се соедини со Воскреснатиот

Дојдете сите и пристапете без сомнеж, зашто Христос Воскреснатиот, Својот мир ни го остави. „Да не се плаши срцето ваше, ниту да се бои.“ (Јвн. 14,28) Дојдете сите и примете Го Бесмртниот. Влезете во радоста на Творецот и Наследете ја полнотата на постоењето.

**Христос воскресна!!! ~ Навистина воскресна!!!**

**Митрополит Американско-Канадски**
**†Методиј**




## EASTER GREETINGS 2025

As President of St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral, and on behalf of the Executive and Board of Directors, I would like to wish our congregation and their families a joyous Easter!

The Holy Week and Easter Day is a testimony to God's love and glory. I extend our warmest greetings and blessings to all faithful Christians on this joyous occasion of Pascha, our Easter.

May God Bless you and your family with His grace, love, and peace this Easter; and may the resurrection of Christ bring renewed hope and joy to our lives and strengthen our faith in the boundless love of God.



**Wishing you all a Blessed and Holy Easter!**
**Hristos Voskrese!**

**Boris Stoikos**
**President – St Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral**

## ВЕЛИГДЕНСКА ЧЕСТИТКА 2025 ГОДИНА

Како Претседател на Македонскиот православен соборен храм „Свети Климент Охридски", а во име на Извршниот и Управниот одбор, би сакал на нашето собрание и на нивните семејства да им посакам среќен Велигден! Светата недела и Велигден се сведоштво за Божјата љубов и слава. Ги упатувам нашите најтопли поздрави и благослови до сите верни христијани по овој радосен празник Пасха, нашиот Велигден. Нека Бог ве благослови вас и вашето семејство со Својата благодат, љубов и мир овој Велигден; и нека Христовото Воскресение донесе обновена надеж и радост во нашите животи и нека ја зајакне нашата вера во безграничната љубов Божја.

**Ви посакуваме на сите благословен и свет Велигден!**
**Христос Воскресе!**

**Борис Стоикос**
**Претседател – Македонски православен соборен храм Свети Климент Охридски**

## ХРИСТОС ВОСКРЕСНА! НАВИСТИНА ВОСКРЕСНА!



Сега се исполни сѐ со светлина, небото и земјата и адот; секоја твар нека го празнува Христовото Воскресение, зашто во Него сме утврдени. (Свети Јован Дамаскин, Пасхален канон, Ода Трета)

Драги браќа и сестри православни христијани, денеска го прославуваме најсветлиот Празник, Празникот над празниците, царот и господарот на деновите, Пасхата Христова - нашиот вистински Бог. Стоејќи во светлината на Воскресението, ја гледаме вистинската и неизбледна радост на идниот живот.

А вечниот живот што Он го нуди не е само продолжување на животот на овој свет, со неговите подеми и падови, таги и радости, гревови и недостатоци и несреќи. Напротив, тој ни нуди изобилен живот, вистински живот, обновувајќи ја нашата заедница со Бога, Кој е Изворот на животот.

Оној Кој на третиот ден воскресна од мртвите, разгорувајќи ја светлината на надежта за целиот свет, секогаш да свети со пасхалната светлина во нашите срца, исполнувајќи нѐ со радосна желба за добрите работи кои доаѓаат и ги претвора сите наши неволји и грижи во можности за надеж и доверба.

Нему, на Воскреснатиот Господ, нека Му е сета слава и поклонение, заедно со Неговиот Отец и Неговиот Сесвет Дух, сега и секогаш и во сите векови. Амин!

**О. Сашо Целески со фамилијата**

## СРЕЌЕН ВЕЛИГДЕН ОД ЖЕНСКАТА СЕКЦИЈА ОД ЦРКВАТА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ



Женската секција од Македонската Православна Катедрала Свети Климент Охридски од Торонто предводена од претседателката Вера Стевановска ви ги честита Велигденски празници.

Ова е најубавиот македонски празник. Нека од Велигден до Велигден биде присутна кај сите вас љубовта, искреноста, добродушноста. Имајте срејќни празници!
За многу години, Македонки и Македонци!
Христос Воскресна! Навистина Воскресна!

## ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!



Со голема духовна радост и во духот на светлината на Воскресението Христово, на сите парохијани на Македонската православна црква „Св. Климент Охридски" во Торонто, како и на сите Македонци и православни христијани низ Канада, им го честитам најголемиот и најсветиот празник — Велигден. Нека Воскресението на нашиот Господ Исус Христос внесе мир, љубов, надеж и благослов во вашите срца, домови и животи. Да се потсетуваме секогаш на силата на верата, на победата на животот над смртта и на вечната светлина која произлегува од празниот гроб. Бидете благословени, здрави и исполнети со духовна радост!

**Христос воскресе!**
**Навистина воскресе!**
**Протојереј Александар Тодоровски МПЦ „Св. Климент Охридски" – Торонто**



**На Цветници беше преполна салата на катедралната црква Св.Климент Охидски во Торонто**




## НОВИОТ ЦРКОВЕН ОДБОР НА СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ, СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БОРИС СТОИКОС ЗА МАНДАТОТ 2025-2027 ГОДИНА, ЈА ПОЛОЖИ СВЕЧЕНАТА ЗАКЛЕТВА







## BORIS STOIKOS EXECUTIVE TEAM & BOARD OF DIRECTORS 2025-2027

### EXECUTIVE TEAM

**1.President - Boris Stoikos**
**2.Vice President - Christian Rostankovski**
**3.Vice President - Andy Penuvchev**
**4.Treasurer - Christopher-Thomas Dimoff**
**5.Assistant Treasurer - Nikola Josifoski**
**6.Secretary - Anngie Jovanovski**
**7.Assistant Secretary - Krste Kostovski**

**8.Diocese Delegate - Mitko Rostankovski**

### BOARD OF DIRECTORS

9.Bakreski, Aleksandar
10.Balkos, Tom
11.Bilkas, Jim
12.Bozanis, Tom
13.Cokov, Ivan
14.Dimoff, Tom
15.Dimoff, Zoe
16.Dukoski, Anna
17.Dukoski, Viktorija
18.Dukoski, Zan
19.Gusevski, Evda
20.Jovanovski, Alexis
21.Karavilovski, Mile
22.Koitsis, Thomas
23.Kominovski, Blagojce
24.Kostovski, Maryanne
25.Kozovski, Snezana
26.Lazarevski, Novica
27.Lazarevski, Olga
28.Lazarevski, Steven
29.Lucas, Tom
30.Mickovski, Mark
31.Milenkovski, Elena
32.Milevski, Chloe
33.Milevski, Vlado
34.Mojsovski, Chris
35.Nikolovski, Kico
36.Petrovski, Blagoja
37.Rapos, Carol
38.Ristevski, John
39.Saunders, Paul
40.Stanwyck, Chris
41.Stoikos, Luka
42.Stoikos, Tom
43.Suklevski, Dorce
44.Temelkovski, Martin
45.Tesovic, Snezana
46.Tolevski, Christopher
47.Trpeski, Naumce
48.Vasilevski, Mitko
49.Vasilevski, Natalie
50.Ziskos, Peter
51.Ziskos, Victoria




# Велигденска Порака од Женската Управа

Новата женска управа им посакува на сите членови на заедницата среќни и благословени Велигденски празници. Додека го славиме славното воскреснување на нашиот Господ Исус Христос, се потсетуваме на Неговата вечна љубов и безгранична милост. Велигден носи надеж, обновување и ветување за нови почетоци, и се молиме овие благослови да ги исполнат вашите срца и домови во овој свет период.
Нека вашиот Велигден биде исполнет со мир, радост и топлина од заедништвото со семејството и пријателите. Нека ја искористиме оваа прилика да размислиме за жртвата и победата на Христос, и да ги живееме Неговите учења со љубов, сочувство и вера.
Благодариме што сте ценет дел од нашето парохиско семејство и за вашата постојана поддршка. Заедно продолжуваме да растеме во вера и служба.

## *Easter Message from the Women Auxiliary Team*

The New Women Auxiliary team would like to provide all members of the community well wishes for this upcoming Easter. As we celebrate the glorious resurrection of our Lord Jesus Christ, we are reminded of His eternal love and boundless grace. Easter brings hope, renewal, and the promise of new beginnings, and we pray that these blessings fill your hearts and homes during this holy season. May your Easter be filled with peace, joy, and the warmth of fellowship with family and friends. Let us also take this opportunity to reflect on the sacrifice and triumph of Christ, and to live out His teachings with love, compassion, and faith
Thank you for being a cherished part of our parish family and for your continued support. ther, we continue to grow in faith and service.



## *Велигден - Празник на обновувањето и мирот*



По повод големиот христијански празник Велигден, со радост ви упатувам честитки и молитви, и молам Воскреснатиот Господ Исус Христос да ве благослови вас, Митрополитот Методиј, свештениците и сите верници на Американско-канадската епархија. Со застапништвото и пример на сите свети, како и молитвите на верните од живата Црква на Христос, нека биде со сите кои се гордеат со името Христово, милоста на нашиот Господ Исус Христос, љубовта на Бог Отецот и заедништвото на Светиот Дух, за да бидеме водени од верата во Христос, надежта за Воскресението и духот на христијанската љубов, пријателство и братска солидарност кон сите луѓе.

**Христос Воскресе!**
**Жанко Стојчески,**
**Претседател на Св. Димитрија Солунски Македонска Православна Црква**

## Easter - A Celebration of Renewal and Peace

On the occasion of the miraculous Christian holiday of Easter, I extend my heartfelt greetings and prayerfully ask the risen Lord Jesus Christ to bless you, Metropolitan Metodij, the priests, and all the faithful of the American-Canadian Diocese. Through the intercession and ordination of all the saints, and the prayers of the living Church of Christ, may the mercy of our Lord Jesus Christ, the love of God the Father, and the communion of the Holy Spirit be with all who bear the name of Christ. May we be guided by the faith in Christ, the hope of the Resurrection, and the spirit of Christian love, friendship, and brotherhood towards all people. **Christ is Risen!**

**Zhanko Stojcheski**
**President of St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church Markham**

# НАПРАВЕТЕ ГО ВАШИОТ СЛЕДЕН НАСТАН ВО СВЕТИ ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ

Македонската Православна Црква Св. Димитрија Солунски во Маркам нуди елегантен и гостопримен простор за најразлични настани, вклучувајќи свадби, крштевки, парастоси и други значајни собири.
Нашиот објект располага со пространа главна сала и две дополнителни простории, дизајнирани да ги задоволат потребите на настани од различни големини – од интимни семејни собири и деловни состаноци, до големи заеднички прослави. Секој простор е функционално уреден и лесно прилагодлив, овозможувајќи распоред и декорации според специфичните барања и стил на вашиот настан.
Нудиме внимателно составено мени кое комбинира традиционална македонска кујна со медитерански и современи јадења, подготвени со свежи и квалитетни состојки. Нашите флексибилни опции за кетеринг се прилагодени за различни вкусови и прехранбени навики.
Пакетите за изнајмување на просторот вклучуваат користење на маси, столици, бар и целосно опремена кујна. Нашиот тим е посветен на тоа да овозможи беспрекорно искуство, обезбедувајќи вашиот настан да биде и незаборавен и без стрес.
Како долгогодишен центар на културен и духовен живот, Св. Димитрија Солунски останува доверливо и почитувано место за семејства и организации од целата заедница.
**За информации и резервации, ве молиме контактирајте не' на: (905) 471-5555.**

## Host Your Special Event at St. Dimitrija Solunski

The Macedonian Orthodox Church St. Dimitrija Solunski in Markham offers an elegant and welcoming venue for a wide range of events, including weddings, baptisms, memorials, and other significant gatherings.
Our facility features a spacious main hall and two additional rooms, designed to accommodate events of all sizes—from intimate family gatherings and corporate meetings to large-scale community celebrations. Each space is well-appointed and adaptable, allowing for customized layouts and décor to suit the specific needs and style of your event.
We offer a thoughtfully curated menu that blends traditional Macedonian cuisine with Mediterranean and contemporary dishes, prepared with fresh, high-quality ingredients. Our flexible catering options are designed to accommodate diverse tastes and dietary preferences.
Venue rental packages include access to tables, chairs, a bar area, and fully equipped kitchen facilities. Our team is committed to providing a seamless experience, ensuring your event is both memorable and stress-free.
As a longstanding center for cultural and spiritual life, St. Dimitrija Solunski continues to be a trusted and respected venue for families and organizations throughout the community.
**For inquiries and bookings, please contact us at: (905) 471-5555.**






# ЗОШТО ВЕЛИГДЕН Е НАЈУБАВИОТ ПРАЗНИК И КАКО УЧЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНСКОТО УЧИЛИШТЕ СЕ ПОДГОТВУВАА ЗА НЕГОВОТО ДОАЃАЊЕ?




## Почитувани читатели!

Пролетта и пролетните радости се тука а особено што на пролет се слави најголемиот Христијански празник -Христовото Воскресение -Велигден.

Во нашето Македонско училиште подготовките за Велигден се во тек.Разговараме кои празници ги празнуваме на пролет.Зошто се слави Велигден? Зошто Велигден е најубавиот празник и по што се сеќаваме на него. Го читавме четивото. Велигденски јајца" и разговаравме за содржината. Зошто вапцуваме јајца за Велигден? Што симболизираат тие? Дали им помагаат на своите мајки во вапцување на јајцата? Која боја и техника на вапцување им е омилена?

Како се облекуваме за Велигден и како се чувствуваме? Ја читавме стихотворбата "Велигденска песна" а исто така ја вежбаме песната "Христос Воскресе" под водство на нашиот парохиски свештеник о.Александар Тодоровски која учениците ќе ја пеат на Велигден во црквата. ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ Христос воскресна од мртвите со смртта смртта ја победи и на тие во гробовите живот им даде.

Го читавме четивото "Првата пролетна ластовичка" од Читанка, разговаравме за пролетните игри и пронаоѓавме зборови што имаат исто или слично значење. Писмено раскажувавме според слики "Тина и Рони" Како Тина се однесува кон животните? Како вие би постапиле во слична ситуација? Каков е вашиот однос кон животните? Согласно со темата Пролет и Велигден го украсивме холот пред училницата.

Во изминатиов период имавме средба со членовите на Литературното друштво "Браќа Миладиновци" по повод промоција на книгата" Децата во Торонто".

Во текот на промоцијата учениците прочитаа свои лични творби и за истите добија Благодарници од страна на Литературното друштво.Промоцијата беше под водство на претседателот на друштвото Зоран Карапанчев а за книгата зборуваше писателката госпоѓа Вера М.Самарџанин Секако и возрасната група бележи видни резултати во изучување на македонскиот јазик . Работиме во парови и групи и на тој начин имаме можност за спонтана употреба на јазикот. Теми:Кој каде работи? Вообичаени активности што ги правиме во текот на работната недела и за викенд. Прилози за време: наутро, попладне, навечер) Придавки ( каков, каква, какво, какви) Прашални заменки Локација - ориентирање каде што се наоѓа? ( лево, спроти..) Прилози и предлози за локација ( тука, таму, лево, десно...) Во групата за возрасни застапени се активности за развивање на сите четири јазични вештини: слушање, читање, зборување и пишување . Продолжуваме понатаму! Со радост во срцата и душите да го дочекаме најголемиот Христијански празник Велигден.

Христос Воскресе! Навистина Воскресе!

***Подготвила учителката во македонското училиште***
***Снежана Тешовиќ***

### Велигденска песна

Црвено - бело, црвено - бело, нека ви е деца весело!
Голем празник, голем ден Велигден.
За здравје да се чукнете, јајца ќе пукнете.
Голем празник, голем ден Велигден.
Камбани во црква бијат, ора весели се вијат.
Голем празник, голем ден Велигден.

**Славка Манева**














ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA





## ЧЕСТИТ ВЕЛИГДЕН

Честитки по повод Велигденските празници испраќаме до сите наши парохијани и редовни членови, но и до целиот православен народ македонски. Воскресението Христово е темел на нашата вера и најголем настан во историјата на човештвото, воопшто.

Чувајте ја Црквата, за да Ве сочува таа во иднина како православни Македонци.
Честити Велигденски празници.
**ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!**
**Васко Недановски**
Претседател на црковниот одбор во Македонската Православна Црква Св. Илија, Мисисага и Потпретседател на Управниот одбор на Американско-Канадската Македонска Православна Епархија.



## ВАСКО НЕДАНОВСКИ Е ИМЕНУВАН ЗА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АМЕРИКАНСКО-КАНАДСКАТА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Методиј, сакаме да му честитаме на претседателот на нашиот Црковен Одбор г. Васко Недановски за неговото именување на функцијата потпретседател, на Управниот одбор на Американско-Канадската Македонска Православна Епархија.

With the blessings of His Emience Metropolitan Metodi, we would like to congratulate our Church Board President Mr. Vasko Nedanovski on his appointment to the position of Vice-President, Boardof Directors for the American-Canadian Macedonian Orthodox Diocese.



## ***СРЕЌНИ ВЕЛИГДЕНСКИ ПРАЗНИЦИ ВИ ПОСАКУВА УПРАВНИОТ ОДБОР ОД ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА***

## ВЕЛИГДЕНСКА ПОРАКА ОД БЛАГОЈ ПЕНЕВ, ПАРОХИСКИ СВЕШТЕНИК ВО МПЦ СВЕТИ ИЛИЈА, МИСИСАГА



Велигден ден на Христовото Воскресение, ден на победата и животот , ден кога сите луѓе ја виделе Христовата победа над смртта. Ова е најголемиот христијански празник кога Самиот

Господ Исус Христос преку Своето славно воскресение пд мртвите, смртта ја облече во бесмртност. Радувајќи се на Христовото Воскресение повикани сме сите ние и пред секого да го исповедаме Христа распнатиот, воскреснатиот и прослвениот секогаш и секаде како вистински христољубци.

**Христос Воскресна - Навистина Воскресна!**



ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA



## Нова управа на Женската Секција во МПЦ Свети Илија Претседателка е Јорданка Тасески



Во неделата на 30-ти март, 2025 година по светата и Божествена литургија женската секција при нашата црква даде заклетва, со водство на новата претседателка Јорданка Тасески.

Како што Бог налага, во слога, мир, благодат да ви биде секоја понатамошна заедничка соработка и придонес за нашата Црква и заедница! Честитки!

Јорданка/Данка Тасески-претседателка
Кристина Костеска -заменик претседателка
Маја Ефремова- благајник
Виолета Јованова-заменик благајник
Управници:
Дијана Пенева
Весна Трајковски
Љубица Лесаж
Вера Кожовски
Луба Терзиевска
Елизабета Христовска Крстевска
Кати Кожовски






## ЧЕСТИТ ВЕЛИГДЕН ВИ ПОСАКУВА ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА ЖЕНСКАТА СЕКЦИЈА ОД ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА, ЈОРДАНКА ТАСЕСКИ

Почитувани членки на женската секција, драги Македонки, Ви го честитаме најголемиот и најрадосен верски празник за нас Македонците, Велигден. Нека Среќа, спокој, радост и љубов ги исполнат вашите души.
Да го празнуваме животот денес.
Да го воскреснеме Исус во нашите срца.
Да ги отвориме душите за љубов и радост.
Додајте мир во душата, љубов во срцето со верба во Бога, во слава на Христос да се радуваме, да простуваме, да сакаме и да се почитуваме.
ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!
Најсрдечно, од претседателката на Женската Секција од црквата Св. Илија, Мисисага, Јорданка Тасески.






**ADDRESS:**
**485 BAYLY ST W, AJAX, ON L1S 6M7**

**PHONE:**
**(905) 426-5355**

**HAPPY EASTER FROM THE ST. NEDELA ADMINISTRATION!**
Join us on Sunday, April 20th after the church service for a joyful celebration:
Live Music
Delicious Easter Lunch featuring Roast Lamb
Fun Games and Crafts for Kids
We look forward to celebrating with you!

**СРЕЌЕН ВЕЛИГДЕН ОД ЦРКОВНАТА УПРАВА НА СВ. НЕДЕЛА!**
Придружете ни' се во недела, 20-ти април по богослужбата
за радосна прослава:
Жива музика
Вкусен велигденски ручек со јагнешко
Игри и креативни активности за децата Ве очекуваме со радост!

## We are proud to introduce the new Executive Board and Uprava of St. Nedela!

As we step into this new chapter, we look forward to working together to continue our mission, strengthen our community, and uphold our traditions.
Congratulations to all newly elected members! Wishing you success in your roles as we move forward with dedication and unity.
Stay tuned for updates and upcoming events!



**Возбудливи вести од Св. Недела!**

Со гордост го претставуваме новиот Извршен одбор и Управата на Св. Недела! Со влегување во ова ново поглавје,очекуваме да работиме заедно на продолжување на нашата мисија, зајакнување на заедницата и зачувување на нашите традиции.
Честитки до сите новоизбрани членови! Ви посакуваме успех во вашите улоги со посветеност и единство.
Следете нè за новости и претстојни настани!

## Executive Board 2025 - 2027

**Risto Trifunoski - President**
**Ice Jankuloski - First Vice President**
**Borce Krcanoski - Second Vice President**
**Victoria Bozinovski - Secretary**
**Helen Damtsis - Deputy Secretary**
**Jovan Stankovik - Treasurer**
**Nikola Projkovski - Deputy Treasurer**
**Mike Chacheski - Diocese Delegate**



### Честит Велигден
### Од Ристо Трифуноски претседател во МПЦ Св. Недела, Ејџекс



Управниот одбор на Македонската Православна Црква, Св. Недела од Ејџекс предводена од претседателот Ристо Трифуноски, Ви го честита најрадосниот македонски православен празник Велигден со најубави христијански желби. Почитувани Верници, Парохијани, Исус Христос страдаше за нас воскресна,и се вознесе на небото. Ви го честитам најголемиот христијански празник и ви посакувам многу здравје, радост, успех и хармонија! Од се' срце на сите им посакувам смирение и вашите срца да бидат исполнети само со љубов. Среќен Велигден!

### Велигденска честитка од отец Александар Зашов



Драги браќа и сестри во Христа, еве се приближува нашиот најголем Христијански празник, “Празник над Празниците”Воскресение Христово - Велигден. Ветувањето на Господ Бог уште во Стариот Завет дека ќе го испрати Својот Единороден Син, којшто ќе се роди од жена, ќе проповеда, ќе биде предаден на мачење, ќе го убијат и ќе Воскресне се исполнува токму на овој празник. “Со смртта смртта ја победи”, односно ја скрши вратата адова и на човечкиот род му даде надеж дека нашиот живот не завршува со нашата смрт, туку продолжува и му овозможува на човекот да биде во близината Божја. Драги браќа и сестри, подготвувајте се, зголемете ја вашата молитва, вашето присуство во Храмовите и со голема радост пречекајте го Воскресението Христово - Велигден, Христос Воскресна, за многу години.





Среќен Велигден ви посакува новата Управа на Женската Секција од Св. Недела

**Introducing our new Ladies Auxiliary for 2025!**

The ladies of our church proudly took their oath of service. We are deeply grateful for their continued commitment, dedication, and all they do to strengthen and uplift our church community.

------------------------------------------

Со гордост ја претставуваме новата Женска Секција за 2025 година! Жените од нашата црква свечено ја положија својата заклетва. Искрено сме благодарни за нивната посветеност, поддршка и сè што прават за да ја направат нашата црква подобро место за сите.

**President: Danica Krstev**
**1st Vice President: Marija Angeleska**
**2nd Vice President: Dafina Hristov**
**Treasurer: Helen Damtsis**
**Secretary: Lydija Dejanovic**
**Assistant Secretary: Christine Damtsis**
**Control Committee:**
**Lena Volchevski & Vera Jonoski**

# Организација Обединети Македоци во Канада
# United Macedonians Organization of Canada
## Календар на дејности во 2025-6 година
## Calendar of activities for 2025-2026

UNITED MACEDONIANS



**Сочувајте ги следните дати:**

► 4 мај 2025, недела, после службата – во чест на погибијата на легендарниот Гоце Делчев, положување венец пред „Споменикот на паднатите борци за ослободување на Македонија“ во дворот на МПЦ „Св. Климент Охридски“ во Торонто;
► 2 август 2025, сабота, после службата – во чест на верскиот и национален ден „Илинден“, положување венец пред „Споменикот на паднатите борци за ослободување на Македонија“ во дворот на МПЦ „Св. Климент Охридски“ во Торонто;
► 3 август 2025, недела – величествен Илинденски пикник на македонскиот парк „Илинден“, 21351 ОН-12, Аксбриџ, во чест на трите Илиндена: првиот во 338 г.п.н.е. со битката на Херонеја; вториот во 1903 година со Илинденското востание; и третиот во 1944 година со создавањето на АСНОМ-ска Народна Република Македонија;
► 7 септември 2025, недела – одбележување на 8 септември, „Денот на македонската државност“;
► 11 октомври 2025, сабота – одбележување на Денот од почетокот на се' македонското востание во 1941 година против германските, италијанските, бугарските и албанските нацисти, фашисти и балисти;
► 7 февруари 2026, сабота – Гоцева – комитска вечер, во чест на роденденот на апостолот Гоце Делчев на 4ти февруари и родендените на сите знајни и незнајни македонски јунаци кои ги положија своите животи на олтарот за македонската слобода.

**Save the following dates:**

► May 4, 2025, Sunday - in honour of the death of the legendary Gotse Delchev, laying a wreath in front of the monument to the "Fallen fighters for the liberation of Macedonia";
► 2 August 2025, Saturday, after the church service - in honour of the national day "Ilinden", laying a wreath in front of the monument to the "Fallen fighters for the liberation of Macedonia";
► August 3, 2025, Sunday - Ilinden picnic on the Macedonian park "Ilinden" at 21351 ON-12, Uxbridge, in honour of the three Ilindens: the first in 338 BC with the battle of Heronea; the second Ilinden in 1903 with the Ilinden Uprising; and the third Ilinden in 1944 with the creation of the ASNOM People's Republic of Macedonia;
► September 7, 2025, Sunday - marking September 7, the Day of Macedonian Statehood;
► October 11, 2025, the day of the beginning of the alll Macedonian people's uprising against the German, Italian, Bulgarian and Albanian Nazis, fascists and ballists;
► February 7, 2026, Saturday - "Gotse Delchev Night", in honour of the birthday of the apostle Gotse Delchev on February 4th and the birthdays of all known and unknown heroes who laid their lives on the altar for Macedonian freedom.



**Честит Велигден!**

Почитувани Македонци!
Ви посакуваме среќни и благословени Велигденски празници!
Бидете среќни, сложни и единствени!
Радувајте се на животот и чувајте го своето, македонското, исконското!
Христос Воскресе! Навистина Воскресе!
Од управата на Организацијата Обединети Македонци во Канада со претседателот, Ристо Дурловски.

UNITED MACEDONIANS

From ethno-geographic Macedonia

Од етно-географска Македонија

Established 1959
"Proudly Canadian"

UNITED MACEDONIANS ORGANIZATION OF CANADA

ОРГАНИЗАЦИЈА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ВО КАНАДА

ORGANISATION UNIE MACÉDONIENNE du CANADA

TEL: (416) 823-6520
united.macedonians.org@gmail.com
https://www.facebook.com/UnitedMacedoniansCanada
www.unitedmacedonians.org

***Повик за Редовно годишно собрание***

**Понеделник, 5 мај 2025 година, во 19:00 часот, во МПЦ „Св. Недела“ (485 Bayly St. W., Ajax)**

Почитувани членови,

Управата при Организацијата Обединети Македонци во Канада ве поканува на Редовното годишно собрание кое ќе се одржи во понеделник, 5 мај, 2025 година, со почеток во 19:00 часот, во долната сала при МПЦ „Св. Недела“, во Ејџакс. Собранието ќе се одвива според доленаведениот Дневен ред.

***Call for Annual General Meeting***

**Monday, May 5, 2025, 7:00 pm, at the MOC "St Nedela" (485 Bayly St. W., Ajax)**

Dear members,

The Executive of the United Macedonians Organization of Canada is inviting you to the Annual General Meeting, which will be held Monday, May 5, 2025, starting at 7:00 pm at the MOC "St. Nedela" in Ajax. The AGM will be held according to the following Agenda.

Дневен ред / Agenda:

1. Отварање на Собранието во 19:00 часот / Call to order at 7:00 pm;
2. Извештај на претседателот / President's report;
3. Прашања и одговори околу извештајот / Questions and answers regarding the report;
4. Извештај на благајникот / Treasurer's report;
5. Прашања и одговори околу извештајот / Questions and answers regarding the report;
6. Прием на нови членови / Acceptance of new members;
7. Razno / New business;
a)
b)
c)
8. Затварање на Собранието / Motion to adjourn.

Ристо Дурловски / Risto Durlovski
Претседател / President

Драги Стојковски / Dragi Stojkovski
Секретар / Secretary

# WE STRIVE TO BRING THE MACEDONIAN AND CANADIAN CULTURES CLOSER TOGETHER

### Our Vision

To be recognized within the community as a home that celebrates the Macedonian culture and heritage and provides accommodations for Seniors capable of living independently.

### Our Values

We play a vital role in support of Macedonian heritage and culture. We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together. We wish to create and support community involvement. We show respect, and support the feeling of self-dignity, to all our residents. We help bring a healthy lifestyle to the individuals that reside in CMP. We support and encourage family involvement and care.
We value diversity in ethnicity.

### Our Mission

To provide quality, affordable accommodations and companionship to Seniors of all backgrounds with an
aim to encourage the vibrant Macedonian culture in the city of Toronto, Ontario and all of Canada.

### Goals

Support and celebrate the Macedonian culture
; Offer companionship to all residents; Provide quality accommodations; Provide affordable housing

### Be a Volunteer

We support High School Volunteer Credits.
Our many fundraising events welcome your volunteer time and talents!

## EXPERIENCE THE 81ST ANNUAL MACEDONIAN OPEN GOLF TOURNAMENT

**ANGUS GLEN GOLF CLUB**
**DATE: MONDAY, JULY 7TH, 2025**
**REGISTRATION OPENS SOON**










**850
O' Connor Drive
Toronto On
M4B 3L6**

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the “old country”, provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

**Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops**

**Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години;
Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш;
Располагаме и со паркинг места за станарите;
Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација.**

**За повеќе информации јавете се кај:
Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска**

**на тел. број: 416-755-9231**

**ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com
MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com
sjakimovska@canadianmacedonianplace.com**

Македонско Пензионерско Друштво
"Ривер Сајд"
МПЦ - Цв. Илија во Мисисага
St Ilija Macedonian Orthodox Church - (905) 821-8050
Address: 1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON L5M 2Y5




Пензионерското друштво "Ривер сајд" при МПЦ Св.Илија, Мисисага следниот редовен ручек ќе го одржи на 6-ти мај (вторник), во 12 часот напладне во црковната сала на Св.Илија. Ручекот е подарен од Славе и Јулија Димитрови со семејството. Сите сте добредојдени.

## МАКЕДОНСКОТО ПЕНЗИОНЕРСКО ДРУШТВО "РИВЕР САЈД" 39 ГОДИНИ АКТИВНО ДЕЛУВА ВО МАКЕДОНСКАТА ЦРКОВНА ЗАЕДНИЦА ВО МИСИСАГА



## ВЕЛИГДЕНСКА ЧЕСТИТКА ОД ПЕНЗИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ,,РИВЕР САЈД,,

Пензионерското друштво "Ривер сајд" од МПЦ Св.Илија, Мисисага предводено од претседателот Горнан Јовановски на сите свои членови, на парохијаните на Св. Илија и сите Македонци во Канада и ширум светот ви го честита празникот Велигден посакувајќи радост, љубов и мир во секое македонско смејство..

**Христос Воскресна! Вистина Воскресна!**
**За многу Години!**

## УСПЕШЕН АПРИЛСКИ РУЧЕК ПОДАРЕН ОД ВЕРА КОЖОВСКИ СО СЕМЕЈСТВОТО

На големиот христијански и македонски православен празник Благовештение, пензионерското друштво ,,Ривер Сајд од црквата Свети Илија од Мисисага организираше пригоден ручек , подарен од Вера Кожовски со семејството.



Управата на ,,Ривер Сајд,, со претседателот Горнан Јовановски упатува благодарност до сите волонтери кои помогнаа за ручекот да биде успешен, посебно до членките од женската секција на Св.Илија. За време на ручекот по повод Благовештение на пригоден начин беше одбележан роденденот и именденот на отец Благој Пенев.

## ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!

Во мое лично име и во името на Македонската Православна Црква „Св. Богородица“, од сè срце упатувам најискрени велигденски честитки до целиот македонски православен народ.



Нека славното Христово Воскресение внесе мир, радост и духовно обновување во секое срце и секој дом. Да го дочекаме овој најсвет ден со вера, со благодарност и со чистота на душата, потсетувајќи се на вечната победа на животот над смртта, на светлината над темнината, на љубовта над омразата.

Велигден нека нè поттикне на добрина, единство и љубов кон ближните, и нека ни биде потсетник за божјата милост и нашата човечка одговорност.

**Христос воскресе**
**Навистина воскресе**
**Со благослов,протојереј Гоце Деспотовски**
**Македонска Православна Црква**
**Св. Богородица, Кембриџ**

## Честит Велигден ви посакува управата на црквата Свети Наум Охридски од Хамилтон



Христос Воскресна!Навистина Воскресна!
Честит Велигден и Велигденски празници од црковниот одбор, претседателот на нашата црковна заедница Крис Клашов и свештеникот протоерej Ангел Станчев.

Christ is Risen! Indeed He is Risen! On behalf of the Church Board, our President of the Church Board Chris Klashoff, and our parish priest, the Very Rev. Angel Stanchev, we wish you a happy and blessed Easter.



## Христос Воскресна!

Најсветлиот ден во Христијанството.
Денот кога Исус воскресна, воскресна и нашето Христијанство.



Воскресна вербата и љубовта во Бога единствената причина и основа на христијанскиот живот и христијанската надеж.
Сакај го својот ближен. Помогни му на твојот пријател. Прости му на твојот непријател.
Учете ги децата да сакаат и да простуваат. Учете ги да почитуваат и бидат трпеливи.
Учете ги да се радуваат на туѓата среќа.
Учете ги да не бидат горделиви.
Учете и вие од нив како што Исус не учи нас.
Посетувајте го почесто Божјиот храм, само таму може да научите многу, да се спознаете себеси.
Исус нашиот Вистински Бог не сака сите, сакајте го и величајте го.

**Христос Воскресна! Навистина Воскресна!**
**Среќни Велигденски Празници драги Македонци, драги Христијани!**
**Бранкица Кузманоска Матеска**
**Претседател во Македонската Православна Црква Св. Богородица, Кембриџ**

## CRACKING EGGS

Cracking eggs at Easter symbolizes the breaking of the wax seal on the tomb of Christ The eggshell itself represents the tomb of Christ. The egg contains life, just as the tomb contains Christ who IS life. Cracking the eggs with the greeting “Christ is Risen” represents the seal of the tomb cracked open when Christ rose from the dead. This is done in MANY traditions, regardless of the decoration on the egg shells.




RED DYE symbolizes the blood of Christ, and so the eggs should be dyed on Holy Thursday DYING YOUR EGGS The BEST dyes can be found in the ethnic stores. In order to get the truly blood red eggs the trick is to NOT follow the directions. Double the amount of dye but DO NOT double the water.

When the eggs finish and cool, coat with a light layer of olive oil to get the shine. It also deepens the hue slightly.

# НАЈСМРТОНОСНИОТ ПОЖАР ВО ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

Најсмртоносниот пожар во историјата на Македонија се случи на 16 март 2025 година во 2:35 часот наутро во дискотеката „Пулс“ во Кочани. Во трагедијата животот го загуби 61 лице, додека 194 беа повредени. Пожарот е трета најголема трагедија во Македонија според жртвите, веднаш по Авионската несреќа на Палер Македонија во 1993 година, а воедно и настан со најголем број на вкупно повредени лица во историјата на државата. Поголем дел од настраданите од пожарот беа на возраст од 16 до 26 години.

Претседателката Гордана Сиљановска-Давкова ги посети дел од повредените во болниците и се сретна со нивните роднини. Во Македонија беше прогласена седумдневна жалост по повод трагедијата во Кочани, одложувајќи многу најавени јавни случувања.

Во знак на револт започнаа протести за тешката трагедија следниот ден во Кочани, Штип, Скопје, Струмица, Битола, како и помали собири низ другите градови од државата.

Ноќниот клуб „Пулс“ во Кочани, бил сместен во градба што претходно служела како магацин за теписи. Месните новинари ја нарекле „импровизиран ноќен клуб“, како одраз на нејзината спонтана преобразба во место за забава. Властите открија дека градбата ја немала потребната законска дозвола за работа како ноќен клуб.

Во раните утрински часови на 16 март 2025 година, дискотеката „Пулс“ во Кочани била исполнета со над 500 лица, кои со нетрпение го очекувале настапот на македонската поп-група ДНК.

Во 2:35 часот наутро, додека концертот бил во полн ек, бината била осветлена со пиротехнички ефекти. Ненадејно, искри од пиротехничките средства го запалиле лесно запаливиот таван на клубот, предизвикувајќи брзо ширење на огнот. Паниката се проширила меѓу присутните, кои се обидувале да се евакуираат низ единствениот излез, што довело до турканица. Еден преживеан опишал дека бил газен од толпата откако паднал по скалите. Еден член на групата ја повикал толпата да се евакуира за време на гаснењето на пожарот, изјавувајќи: „Сите излезете, ќе се вратиме“. Некои од жртвите се обиделе да избегаат низ тоалетот на клубот, но биле пречекани со решетки на прозорците.

Меѓу повредените имало и деца. Дел од луѓето што успеале да се спасат, влегле повторно во клубот со намера да спасат колку е можно повеќе животи.

Најголем број од жртвите биле од Кочани и Кочанско, но и од Штип, Пробиштип, Виница, Скопје, Струмица и Куманово. Ова бил најсмртоносниот пожар во ноќен клуб во Европа по пожарот во ноќниот клуб во Букурешт во 2015 година и најсмртоносниот пожар во историјата на Македонија, и двата предизвикани од пиротехнички средства. Најголем број од луѓето биле пронајдени на самиот влез едни врз други. Според директорката на кочанската болница дел од пациентите што се починати, починале во турканицата што се случила при паниката за излез од клубот. Многу жртви биле тешко да се утврдат поради недостаток на лични карти.

Андреј Ѓоргиески, еден од водечките пејачи на ДНК, иако првично успеал да ја напушти градбата, со изгореници се вратил назад во обид да помогне и да спаси што е можно повеќе животи. За жал бил пронајден мртов заедно со фотографот на групата, Александар Ефремов; придружната пејачка Сара Пројковска; тапанарот Ѓорѓи Ѓоргиев; и клавијатуристот Филип Стевановски. Двајца други члена на групата првично го преживеале пожарот, но им подлегнале на повредите подоцна тоа попладне. Владимир „Панчо“ Блажев, друг пејач на дуото ДНК, се здобил со изгореници на лицето и рацете и добил терапија со кислород.

Според директорката на Општата болница во Кочани, сиот болнички кадар за помалку од 15 минути бил мобилизиран, а првите пациенти што биле примени биле со изгореници и со труење со јаглероден моноксид. Биле испратени болнички возила од сите здравствени домови од Источна Македонија (Штип, Свети Николе, Пробиштип, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и Берово) како и од Скопје и Велес. Дел од пациентите со поголеми изгореници од прв степен веднаш биле препратени до Клиничката болница во Штип, а од таму најкритичните во скопските клиники. Голем број на повредени биле пренесувани и со приватни возила во болниците во регионот. Утрото на 16 март, во Градската болница „Св. Наум Охридски“ во Скопје биле хоспитализирани 29 лица со тешни изгореници, 7 во клиниката „Жан Митрев“, 24 на Клиничкиот центар, 20 во „8 Септември“, од кои двајца биле во критична состојба. Во Клиничката болница во Штип се лекувале 20 пациенти, а 12 во болницата во Кочани.




Од вечерните часови на 16 март и во текот на наредните денови, повеќе од 100 најтешко повредените биле префрлени во здравствени установи во странство, како последица на меѓународната поддршка и соработката со партнерските земји.

- Австрија: 6 пациенти биле хоспитализирани во болниците во Виена и Грац.
- Белгија: По 1 пациент бил хоспитализиран во Брисел, Антверпен, Лиеж и Шарлероа, со помош на воен авион од Романија.
- Бугарија: 9 пациенти биле хоспитализирани во Софија, а по 3 пациенти во Пловдив и во Варна.
- Грција: 5 пациенти биле хоспитализирани во општата и воената болница во Солун, а 7 други пациенти во Атина.
- Италија: 2 пациенти биле хоспитализирани во Милано, а по 1 пациент во Парма и во Пиза.
- Литванија: 3 пациенти биле пренесени на лекување во Вилнус и 1 пациент во Каунас, со помош на воен авион од Романија.
- Полска: 2 пациенти биле хоспитализирани во Ленчна блиску до Лублин.
- Србија: 26 пациенти биле хоспитализирани во болниците во Белград и 3 пациенти во Ниш.
- Словенија: По 2 пациенти биле хоспитализирани во Љубљана и Марибор.
- Турција: 6 пациенти биле хоспитализирани во Истанбул, а дополнителни 6 пациенти во Анкара.
- Унгарија: 6 пациенти биле пренесени на лекување во Будимпешта, со помош на авион од Луксембург.
- Хрватска: 5 пациенти биле хоспитализирани во болниците во Загреб.[48][49][61]
- Шведска: 5 пациенти биле пренесени на лекување во повеќе градови во Шведска.
- Шпанија: 7 пациенти биле пренесени на лекување во Мадрид.[

Како дополнителна поддршка во справувањето со кризата, во земјата пристигнале медицински екипи од Србија, Чешка и Израел, кои се приклучиле на напорите за обезбедување соодветна здравствена грижа.

## Голем хуманитарен настан во Торонто за настраданите во трагедијата во Кочани

На 29 -ти март, 2025 година, во Македонската православна катедрала Св. Климент Охридски во Торонто, се одржа голем хуманитарен настан за жртвите во пожарот во Кочани, Македонија, а во организација на сите Македонски православни цркви од Канада, како и МПЦ Пресвета Богородица од Детроит. Најнапред во црквата Св. Климент се одржа вечерна служба со молитви за упокоените и спас на настраданите во големата трагедија од 16-ти март.

Во службата учествуваа речиси сите свештеници од македонските православни цркви во Канада, како и архиерејскиот заменик отец Синиша Ристовски и отец Драган Јорданов од Пресвета Богородица од Детроит.

По молебенот во преполната црковна сала, следуваше добротворна вечера, на која хуманите Македонци даруваа средства со желба истите да донесат утеха и надеж на оние што страдаат.

За време на хуманитарниот настан се одржа и тајно наддавање за икона со ликот на Исус Христос, дело на фрескосликарот Георги Даневски. По цена од 20 000 канадски долари, средства кои ќе бидат проследени во Кочани до настраданите, иконата ја откупи семејството на Мајкл Георгиев познат македонски активист, кој потекнува од селото Долни Полог, Кочанско.












## Major Humanitarian Event in Toronto for the Victims of the Kočani Tragedy

On March 29, 2025, a significant humanitarian event was held at the Macedonian Orthodox Cathedral of St. Clement of Ohrid in Toronto for the victims of the fire in Kochani, Macedonia. The event was organized by all Macedonian Orthodox churches in Canada, as well as the MOC Nativity of the Virgin Mary from Detroit.

The evening began with a vesper service at St. Clement's, where prayers were offered for the souls of the deceased and for the salvation of those affected by the devastating tragedy of March 16. Almost all priests from the Macedonian Orthodox churches in Canada participated in the service, along with Archpriest Sinisa Ristovski and Father Dragan Jordanov from the MOC Nativity of the Virgin Mary, Detroit .

Following the prayer service, a charity dinner was held in the packed church hall, where compassionate Macedonians generously donated funds in the hope of bringing comfort and support to those in need.

As part of the humanitarian event, a silent auction was also held for an icon depicting Jesus Christ, painted by fresco artist Georgi Danevski. The icon was purchased for 20,000 Canadian dollars by the well-known Macedonian activist Michael Georgiev and it's family, who is originally from the village Dolni Polog, near Kočani . The funds will be sent directly to the victims in Kočani.




Happy
EASTER
TRIPLE "A" CHEESE
Visit our retail store!
TRIPLE "A" CHEESE
MACEDONIAN FETA
AVAILABLE IN A
VARIETY OF SIZES
FETA
1KG
FETA
3KG
FETA
FETA
10% OFF
YOUR IN-STORE
PURCHASE
PRESENT THIS AD AT STORE
*One time use I No cash value
Expiry date Juky 1st 2025
RETAIL OUTLET
CASH & CARRY
7190 Torbram Road,
Mississauga, ON L4T 3L7
Mon-Fri 8am to 4pm
905-678-7053 ext 205
WWW.TRIPLEACHEESE.COM




## Христос Воскресе! Christ is Risen! Навистина Воскресе! Truly, He is Risen!




### Dear Brothers and Sisters,

As we come together to celebrate Easter, I extend my warmest wishes to you and your families during this season of renewal, hope, and togetherness.

Easter is a time that reminds us of the power of new beginnings. It offers an opportunity to reflect, to be grateful for the blessings in our lives, and to look ahead with optimism and unity. Just as spring brings a fresh start to nature, so too can this season inspire us to refresh our hearts, our relationships, and our dedication to one another.

This past year has once again shown the strength and resilience of our community. Whether through volunteering, attending events, supporting one another, or simply offering a kind word, each act of care and participation contributes to the vibrant life we share at St. Nicholas. For that, I thank you sincerely.



May this Easter bring you peace, joy, and time well spent with loved ones. May your days be filled with laughter, good health, and the warmth of community spirit. Together, let us continue to build a welcoming and compassionate place for all generations.

On behalf of the Administrative Council at St. Nicholas MOC in Windsor, I wish you and your loved ones a Blessed and Happy Easter. May this season bring you health, happiness, and many wonderful moments together.

With warm regards, Vera Najdovska President of the Administrative Council St. Nicholas Macedonian Eastern Orthodox Church – Windsor

## Windsor Macedonian Community Unites for Kočani's Victims

The Macedonian community in Windsor had always been strong, but in times of tragedy, their unity became even more powerful. When the devastating news broke of a nightclub fire in Kočani, which claimed the lives of 59 young people and left many others injured, grief spread across the diaspora like a dark cloud. Within days, St. Nicholas Macedonian Eastern Orthodox Church announced a fundraiser to support the victims' families. The goal was simple: to help and support those affected by this devastating loss.




On Sunday, March 23, the Windsor Macedonian community gathered for a day dedicated to honoring the lives lost and supporting their grieving loved ones. The day began with a solemn church service, after which Father Emil Atanasov led a special memorial service for the victims. As the congregation bowed their heads, candles flickered in silent tribute. The emotional weight of the moment was felt by all, as tears were shed and prayers whispered in remembrance of the young lives lost too soon.

Before entering the church, a table draped in black stood as a solemn space for mourners. At the center lay a Book of Condolences, beside it framed photos of the tragedy, surrounded by flickering candles and fresh flowers—symbols of both mourning and hope. One by one, people stepped forward to sign their names, leaving behind messages of sympathy, prayers, and heartfelt words. Some wrote long paragraphs, expressing their grief and support for the families. Others simply wrote: "Bog da gi prosti." The Book of Condolences would later be sent to Kočani's local authorities and churches, serving as a testament to Windsor's deep sorrow and solidarity.

Following the service, the community gathered for lunch. The meal was generously donated by the Banquet Center of St. Nicholas and served by our dedicated volunteers. Between 12:30pm and 4:00 pm, over 200 people came to the fundraiser and everyone generously donated! There were other nationalities beside Macedonians, they came to support us. A heartfelt thank you to everyone that came and everyone that donated! You make a big difference!

The day was a powerful reminder that even in the face of tragedy, hope can be found in the unity of people who come together to support one another. Windsor's Macedonian community demonstrated unwavering love and generosity, proving that distance cannot break the bonds of compassion and solidarity.

As candles continued to burn and prayers lingered in the air, one message was clear: Kočani, you are not alone. We stand with you. Вечна им памјат. Memory eternal.



## Христос воскресна од мртвите, со смртта смртта ја победи, и на тие во гробовите живот им подари!

Возљубени, браќа и сестри во Христа и членови на нашата Македонска црковна фамилија „Св.Никола" во Виндзор!

Во светот што се менува, Евангелието не се менува! Добрата вест е секогаш една и иста: Христос умре и воскресна заради нашето спасение! Затоа, да не заборавиме дека Бог не прави ништо на сила и дека ние со вера треба да го прифатиме тоа спасение. Во добро, мир, слога и меѓусебно разбирање, да дозволиме да воскресне Христос, та во нашите души да ја возобнови надежта, да ја утврди верата и да ги возобнови и исполни нашите срца со тајната на Бога и Неговата љубов. На денот кога целиот христијански свет заеднички го одбележува празникот на Христовото воскресение, Ве поздравувам со древниот радосен поздрав, што се пренесува уште од времето на апостолите, па сè до денешни дни:



ХРИСТОС ВОСКРЕСНА – НАВИСТИНА ВОСКРЕСНА!

Парохиски Свештеник
Отец Емил Атанасов









# ПОКАЈАНИЕ И ИСПОВЕД - ПОДГОТОВКА ЗА СВЕТАТА ПРИЧЕСТ



Пишува:
Протоерej
Александар Тодоровски
Парохиски свештеник во
Епархиски соборен храм
„Св. Климент Охридски“ -
Торонто
Тел. 654 801 9915; e-mail:
fr.aleksandar@
stclementofohrid.com

Во време на Велигденските пости, кога верниците се подготвуваат да го прослават Воскресението Христово на 20 април, мнозина од нас се посветуваат на молитва, пост и духовно размислување за своите дела. Овој период е не само време на физички пост, туку и на духовна подготовка за достојно примање на Светите Христови тајни, односно Светата Причест. Подготовката за причест е суштински момент во животот на секој православен христијанин, бидејќи светата тајна Причест е израз на најголема блискост со Христос и Црквата. Сепак, за да пристапиме кон неа на достоен начин, потребно е да се подготвиме како што учи Црквата.

Првиот и најважен чекор во подготовката за Светото Причестување е покајанието. Покајанието е длабок духовен процес кој вклучува признавање на нашите гревови и прегрешенија кон Бога и кон луѓето. Кога се покајуваме, ние не само што признаваме дека сме згрешиле, туку и искрено се обврзуваме да се подобриме, да ги исправиме своите патишта и да не ги повторуваме истите гревови. Поради тоа, покајанието има централно место во животот на христијанинот, особено кога се подготвуваме за Светото Причестување.

**Покајанието и Светата тајна исповед** се неразделно поврзани. Покајанието е искрено признавање и сожалување за гревовите, како и желба за промена и обновување. Тоа е внатрешна состојба на срцето и душата на верникот, кој го води до покајничка молитва и обнова на личниот однос со Бога. Светата тајна исповед, пак, е конкретна литургиска активност во која верникот ја признава својата грешност пред свештеникот, кој, преку благодатта Божја го изговара ослободителниот молитвен благослов и му дарува опростување на гревовите. Исповедта е дел од покајничкиот процес и таа е пат на целосно помирување со Бога и луѓето. Преку покајанието, верникот ја изразува својата жалост за гревовите, додека Светата тајна исповед му овозможува да се ослободи од теретот на тие гревови преку Божјата милост. Исповедта не е само формална активност, туку е духовен пат на обновување и ослободување, кој е резултат на вистинско покајание. На кратко, покајанието е внатрешната состојба, додека Светата тајна исповед е начин на реализација и практична примена на тоа покајание во животот на верникот.



**Исповедта** е личен разговор со свештеникот, кој како Божји претставник, ги слуша нашите гревови и ни дава разрешување преку молитва за помилување. Пред да престапиме на исповед, треба да се помириме со сите, „Бидејќи, ако им ги простите на луѓето грешките нивни и вам ќе ви ги прости вашиот Отец небесен. Ако, пак, не им ги простите грешките на луѓето, и вашиот Отец нема да ви ги прости вашите“ (Мт 6,14-15). Тоа е заповедта на нашиот Господ Исус христос, која укажува на многу важен услов за тоа, нашата исповед да не остане бесплодна за нас. Вие сакате и молите, Бог да ви ги прости вашите гревови? Поскоро простете им ги на вашите ближни сите прегрешенија против вас. А, ако не сакате да им простите, тогаш и Бог вам нема да ви прости. Бидете милостиви кон другите, и тогаш и Бог ќе биде милостив кон вас.

Господ Исус Христос во една паработа (Мт 18,23-35) ни објаснил, зошто треба да биде така. Еден цар, посакал да ја расчисти сметката со своите слуги. Кога почнал да ја расчистува сметката, се покажало дека еден слуга му должел на царот десет илјади таланти, односно, огромна сума пари. Царот му заповедал на должникот да ја продаде жена си и децата, и сé што има за да го исплати долгот. Слугата паднал пред нозете на господарот, и го молел да почека, односно да му даде време за да му исплати. Царот се смилувал и му го простил на слугата целиот долг. Но, истиот тој слуга, откако излегол од кај царот, сретнал еден другар, кој му должел ништожна сума од сто динарии. Го фатил другарот и почнал да бара да му биде исплатен долгот. Другарот падал пред неговите нозе и молел да го почека. Но тој ништо не сакал да слуша и го фрлил во темница сé додека не се исплати неговиот долг. Оние кои ја видее таа жестока постапка, го известиле царот. Царот го повикал жестокиот слуга и му рекол: лукав слуго, јас ти го простив целиот долг, зошто ме молеше; не требаше ли и ти да се смилуваш над својот другар, како што се смилував и јас над тебе? И се разгневи господарот негов, па го предаде на мачители, додека не му го исплати целиот свој долг. Така и Мојот Отец небесен, ја завршил Спасителот Својата приказна, ќе направи со вас, ако секој од вас не му ги прости од срце гревовите на братот.

Смислата на дадената приказна е јасна. Нашиот долг пред Бога е голем; нашите гревови се многу. Ние Му се молиме на Бога за прошка на сите наши гревови. Меѓутоа, во истото тоа време, ние не сакаме да му простиме на својот ближен некаква неправедна навреда, извршена со збор или дело, или некоја забелешка, која ја мачи нашата гордост и го поттикнува нашиот грев. Кога самите сме немилостиви, како ќе се осмелиме да прибегнеме кон Божјото милосрдие? Како ќе се осмелиме да Му кажеме на Господа: прости ни ги гревовите како што и ние им ги проштуваме на нашите должници? „Зашто судот ќе биде безмилосен спрема оној, кој не покажува милост“ (Јаков 2.13).

Освен тоа, во Тајната Покајание ние застануваме пред Божјото лице за да Му принесеме на Бога искрено покајание за нарушување на Неговите заповеди, за да изразиме смирено сознание за нашата гревовност и нашето недостоинство пред Бога, за да ја покажеме нашата решеност во иднина, по можност, да се воздржуваме од нарушување на заповедите и на тој начин, да се помириме со Бога, Кој е разгневен од нашите гревови. И што? Зарем го прави тоа некој од нас кој доаѓа на исповед со злоба и непријателство против својот ближен? Зарем се помирува со Бога оној, кој ја нарушува најважната Негова заповед за искрена братска љубов кон ближниот и дури пред самата исповед не сака да се помири со ближниот? Не, едно такво задушување на најглавните Божји заповеди, една таква жестокост уште повеќе го зголемува Божјиот гнев против нас.

Затоа, да не го заборавиме постоењето во нас на добрите христијански навики: пред да отидеме на исповед, да се помириме со сите ближни, да им простиме на сите и за сé со што нé натажиле и да побараме простување од оние, кои со нешто сме ги нажалиле. Притоа, добро да ја запаметиме заповедта на Спасителот: „Блажени се милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани!“ (Мт 5,7).

Кога ќе отидете на исповед кај вашиот духовник, имајте цврста и решена намера да му раскажете сé лошо што знаете за себе, и да се покаете срдечно, без никакво извинување и оправдување. Вие сакате, вашиот духовник во Божјо име да ви ги прости гревовите; но како ќе ви ги прости гревовите, кога вие целосно не ги откривате? Вие сакате да се излекувате од гревовната болест; но како вашиот духовен лекар ќе ве излекува кога отворено не му кажувате од што сте болни?

Дали е пак срамно да му се открие сé на духовникот? Срами се да згрешиш, а за да го осознаеш гревот не треба да се срамиш. Тешко ли е тоа за тебе? Што да се прави? Гревот се простува само тогаш, кога грешникот ќе ја почувствува сета негова тежина. Колку ти е помачно и посрамно за време на исповедта, толку полесно ќе ги биде после исповедта.

Потоа се плашиш духовникот да не го смени доброто мислење за тебе, кога ќе му признаеш за сите свои слабости и пороци? Не плаши се, тука нема да биде никој; духовникот е човек, можеби, не помалку грешен од тебе; тој по самиот себе знае, за што се способни луѓето. Колку повеќе му ги откриваш гревовите, толку посрдечно ќе се моли за тебе; колку пооткриено ги признаваш своите слабости, толку подобро мислење тој ќе има за тебе пред твоето сознание и откриеност.

Но, да претпоставиме дека од духовникот ќе сокриеш грев, но од Бога не можеш да ги сокриеш. Бог многу одамна ги знае сите твои гревови: ги знае и твоите најтајни гревови и намери; и што? Пред духовникот ти ќе се покажеш чист, прав, но пред Бога ќе бидеш одвратен, осуден. Затоа, исповедај се со сета откриеност; откривајте сé што знаете за себе лошо; покажувајте се такви какви што сте во суштина.

**Зошто од христијанинот се бара усна исповед пред духовниот отец?**

Затоа што така наредил Самиот Господ: „Спомни Ме; ќе се судиме; говори, за да се оправдаш“ (Ис 43,26). Исповедај се со зборови за да добиеш оправдување, како што нé советува светиот апостол Јован: „Ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нé очисти од секаква неправда“ (1 Јн 1,9). На апостолите, и во нивно име и на служителите на олтарот, на нивните приемници Господ им рекол: „На кои ќе им ги простите гревовите, ќе им се простат, а на кои ќе им ги задржите, ќе им се задржат“ (Јн 20,23). Но можат ли да се простуваат гревови или да не се простуваат, ако тие не бидат кажани од грешникот усно и опширно?

На Господовиот служител неопходно му е да знае - што простува, треба да ги знае и својствата на гревовите, за да даде лек против нив, како што на телесниот лекар му се потребни податоци за болеста од самите болни. А како ќе се знаат без изповед?

Понатаму, усната исповед на нашите гревови пред духовниот отец е неопходна за наше полно уверување во нивното простување, инаку, како ќе се убедиме, дека Господ ни ги простил гревовите, како ќе се успокоиме дека Тој го примил нашето покајание и нé очистил од неправдата? Овде, невидливо стои Самиот Христос, Кој го прима нашето исповедање, а служителот на оларот е само сведок и посредник меѓу Бога и оној кој се кае. Но, таквото посредништво е многу важно за да се успокои нашата смутена совест. Ако нашата исповед е од срце, искрена и детална, тогаш откако сме добиле разрешување од духовниот отец, ние несомнено треба да бидеме уверени и во простувањето на гревовите од Бога.

„Ете чедо, Христос невидливо стои, примајќи ја твојата исповед, а јас сум само сведок; не се срами, не се плаши и немој да сокриеш нешто од мене; ако пак, скриеш двоен грев ќе имаш. Внимавај, бидејќи си дошол во болница, да не си отидеш неизлекуван“. Тоа му се зборува на оној кој доаѓа на исповед. Тие зборови нека го спасат од прикривање на гревовите оној кој се кае.

Најпосле, треба да запомниме, дека секој грев е за душата исто што е и отровот за телото; ако отровот не биде исфрлен надвор од телото преку познати средства, тогаш следува телесна смрт; и скриениот грев ја заразува сета душа и ја умртвува, т.е. ја оттуѓува од Бога, ја лишува од благодатта без која душата неизбежно паѓа под власта на ѓаволот. Имено, тој наш древен непријател на многумина кои се каат им влева лажливо срамење пред исповед; но треба да се срамиме од гревот, а не од неговото откривање пред духовникот. Па и од кого се срамиме? Господ ги знае сите наши најскриени помисли; а Божјиот служител, сведок на нашето исповедање, е сличен на секој човек, и исто така има потреба од исповед, па последователно откриениот грев, колку и да е голем треба да поттикне во него сострадание, сожалување, учество, а никако осудување или потсмев.

Вие кои се подготвувате за исповед, принесете ја целосно, без осудување, по можност потоа достојни да пристапите кон чашата Господова, и за исцелување на својата душа и тело да се причестите со Телото и Крвта Христови, бидејќи: „кој јаде и пие недостојно, тој го јаде и пие своето осудување, бидејќи не го разликува телото Господово“ (1 Кор 11,29).

*Страницата е помогната од доброчинителите Јулија и Славе Димитрови*

## ВЕЛИГДЕНСКА ЧЕСТИТКА ОД ДРУШТВОТО ,,МАЛА ПРЕСПА,, ОД КАНАДА

Управата на Друштвото ,,Мала Преспа,, од Канада Ви го честита големиот македонски, христијански православен празник Велигден
со најубави желби.
Драги браќа и сестри нека радоста од Христовото Воскресение ги исполни вашите срца и домови и да ви дарува здравје, среќа и благосостојба.
Со почит од претседателот на друштвото ,,Мала Преспа,, од Канада, Босилко Аговски.

## Прв Велигден без тебе!

Зошто не ме почека?Зошто ми се налути?

Секогаш ме чекаше без трпение и сакаше све да ти раскажам, како сум поминала, што сум доживела. И на крај ќе ми ги кажеше твоите мислења, твоите совети. И ако немаше високо образование, беше повеке учен и паметен од еден со дипллома.

Ама овој пат се побрза и не ме почека!.

Кога се готвев за да си заминам од дома и да го земам доллгиот пат за во далечната Канада каде ми се моите деца и внуци, тешко и жал ми беше за Вас мои родители да ви кажам дека ќе ве оставам и ќе си заминам, оти знаев дека не можете без мене и ако никогаш не останавте сами, туку опкружени со твоите деца (синови ,ќерка и внуци).Но дојде време, некој ден пред моето заминување ви кажав со срам како да бев фатена во кабает и видов во вашето лице дека не ја доживеавте убаво оваа вест ама ми дадов-



те благослов и ми рековте:"_Оди ни со здравје кај твоите деца, види ги и радувај му се на внучињата исто како и ние ви се радуваме вас ".И дојде денот да заминам.Ве прегрнав и гушнав силлно и никогаш не помислив дека ово е крајното гушкање со тебе мил мој татко!

И не верував и уште не верувам дека нема да те најдам дома, да ме чекаш како секогаш уште во дворот.

Не верувам дека ќе ги немам твоите миллувања, твоите ценети совети!

Ме боли и многу ќе ме боли што не бев таму покрај тебе во крајните денови од твојот живот. Што не бев крај тебе кога излезе од дома и замина во твојата вечна куќа иако цел век, ниту за миг не сум одделена од Тебе.

Се' ми е како сон.И сега, само сега заверував дека со колку многу жал и тага се пишани и пеани песните за "Туѓината ".

Никогаш нема да те заборавам и да не те споменувам. Твоето делло, твојата убава работа се насекаде во Преспа, Ресенско, Битоллско, Охридско, Скопско па дури и Леринско. Беше врвен мајстор и ги правеше сите можни мајсторски работи.Од камен, градење на убави куќи, работа на дрво,правење врати, прозори и се на дрво, дури и многу квалитетни бочви за чување на вино и сите други домашни садови од дрво. Твоите раце беа златени !Твојата уста беше медена ! Врвен песнопеец и играорец! Слика на пример, ќе останеш за нас, твојата фамелија. Почивај во мир, мил мој Татко!



**Пишува писателката од Мала Преспа**

**Крисанта Јанкула**



## ВО ПУСТЕЦ ОДДАДЕНА ПОЧИТ ЗА ЗАГИНАТИТЕ ВО КОЧАНИ

Општинската администрација со градоначалникот, наставниците и учениците од гимназијата и партијата Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) со едноминутно молчење изразија почит кон жртвите. На плоштадот „Гоце Делчев", пред црквата Свети Архангел и Михаил жителите на Пустец запалија свеќи во знак на почит, а свештеникот Алекс Темелко се помоли за покој на душите на загинатите и здравје и брзо закрепнување на повредените.



-Со искрена болка изразуваме сочувство до семејствата на загинатите. Бог да ги прости и да им подари вечен мир во Царството Небесно. Македонците од Албанија се молат за душите на загинатите и за брзо закрепнување на повредените. Во овие тешки моменти, нашите мисли и молитви се со Кочани. Нека почиваат во мир, рече отец Темелко. Заедно со Македонците почит на загинатите во несреќата во Кочани им оддаде и Васил Стерјовски, претседател на МАЕИ.

**Почитувани пријатели,**

Трагичниот настан во Кочани нѐ погоди сите Македонци, каде и да сме... Националната трагедија во Кочани нѐ потсети колку сме поврзани, ја потврди семакедонската сплотеност и единство, без разлика на границите! Во овие тешки мигови, нашите мисли и срца се со семејствата на загинатите - Бог да ги прости и вечна им слава, со пријателите, со целиот Македонски народ кој ја дели оваа болка, нашите молитви се со повредените за нивно најбрзо заздравување. Било, никогаш да не се повтори.

Националната трагедија во Кочани, се совпадна со мојата кандидатура за пратеник на претстојните парламентарни избори во Албанија, што ќе се одржат на 11 мај годинава. Од почит кон загинатите и во знак на солидарност, не ја објавив мојата кандидатура додека траеа деновите на жалоста.На овие избори, единствената македонска партија во Албанија - Македонска алијанса за европска интеграција настапува во коалиција со Социјалистичка партија. Во согласност со договорот за коалицирање, јас сум кандидат на листата на Социјалистичка партија за Округот Корча. Од 143 кандидати кои се натпреваруваат во Округот Корча, од 11 партии и коалиции, јас сум единствениот Македонец во трка за пратенички мандат - предложен од Македонска алијанса за европска интеграција!

Упатувам искрена благодарност до Социјалистичката партија која ни даде можност да се најдеме на нивната листа. Мојата искрена благодарност и до Македонската алијанса за европска интеграција, за поддршката и довербата да ја претставувам Македонската заедница во Албанија во овој важен политички процес.

Почитувани пријатели,

На Македонците во Албанија им недостасува претставнички мандат во Собранието на Република Албанија. Долги години изборните закони беа дискриминирачки кон националните малцинствата, оневозможувајќи ни' да имаме свој глас во законодавната власт. Во претходниот мандат, како пратеник, предложив законски измени за гарантирани квоти за националните малцинства. За жал, големите партии сѐ уште немаат политичка волја и слух да ги прифатат овие промени, иако декларативно зборуваат за албанското општество како мултиетничко, мултикултурно и мутликонфесионално.



Сепак, како Македонци во Албанија, не се откажуваме од таа амбиција. Продолжуваме да ги користиме сите можности за учество на изборите, да осигураме - македонскиот глас повторно да се слуша во Собранието на Република Албанија.

Во мојот претходен мандат, чесно и посветено работев за Македонците и за сите граѓани на Округот Корча. Верувам дека единствениот начин да се избориме за подобри услови за живот, за интеграција на Македонската заедница во институциите на системот, е преку активна политичка борба. Само преку институциите можеме да издејствуваме промени и да ги подобриме условите за живот и работа!

Ја барам вашата поддршка - за повторно од говорницата на Собранието на Република Албанија да ги покренам сите прашања што нѐ засегаат како Македонци на целата територија на Република Албанија - во Мала Преспа, Голо Брдо, Гора, Врбник, Тирана, Корча, поголемите градови во Албанија. Поддршка барам од припадниците на сите национални малцинства во Округот Корча, да бидам нивниот глас, но и на секој граѓанин кој сака развој и напредок на нашиот регион. Васил Стерјовски за пратеник, гласајте за Вашиот глас во Собранието на Република Албанија!

Со новите измени во Изборниот законик, за првпат, ќе можете да гласате директно за моето име на гласачкото ливче!- За Преспа, за Округот Корча, за Македонците во Албанија! Вашата поддршка е наш заеднички успех! Гласајте за Васил Стерјовски за пратеник, гласајте за Вашиот глас во Собранието на Република Албанија!

***Васил Стерјовски за пратеник, гласајте за Вашиот глас во Собранието на Република Албанија!***

# Градење посилна македонска иднина: Летните програми на UMD и посветеноста кон благосостојбата на децата

Како што се приближува летото 2025 година, Обединетата македонска дијаспора (UMD) со гордост ја продолжува својата мисија за зајакнување на македонските културни врски и поддршка на нашата младина преку две извонредни програми: **Birthright Macedonia и Летниот православен камп за деца**. Овие иницијативи нудат можност за Македонците ширум светот повторно да се поврзат со своите корени, додека истовремено поттикнуваат силни врски во локалната заедница.

**Почит кон минатото, заштита на иднината:**
**Посветеноста на UMD кон децата**

Неодамнешниот трагичен пожар во Кочани, кој одзеде 59 млади животи, длабоко ја потресе нашата заедница. Тагувајќи за оваа ненадоместлива загуба, ја препознаваме итната потреба за приоритизирање на детската заштита, поддршка по претрпената траума и заеднички иницијативи за да се спречат слични трагедии во иднина. ОМД се обврзува да соработува со експерти за детска заштита, ментално здравје и локални лидери за да обезбеди дека македонските деца имаат пристап до безбедна и негувана средина. Ова лето, нашите програми ќе вклучат елементи за поддршка по траума и активности за градење на отпорност кај децата погодени од кризи.

---

**_Birthright Macedonia: Програма што го менува животот**

Откријте го вашето македонско наследство или поврзете се уште повеќе со Македонија.. Дојдете со пријател, роднина или сами и заминете со нови пријателства кои траат доживотно. Посетете ја Македонија, татковината на вашите предци.
Birthright Macedonia нуди можност за младите Македонци од целиот свет гордо да ја изразат и прифатат својата македонска припадност преку трансформативно и професионално искуство. Учесниците ќе бидат вклучени во стажирања во различни компании или институции,, културни екскурзии и волонтерски активности, додека градат доживотни врски со своите домаќини и локални врсници.

**Детали за програмата:**
- **Датуми:** 27 јуни – 18 јули 2025
- **Краен рок за пријавување:** 16 мај 2025
- **Возраст:** 18+
- **Цена:** $750USD
- **Локација:** Скопје, со стажирања во различни сектори
- **Сместување:** Ваше семејство или роднини или приватно сместување во апартман

Покрај професионалните стажирања, учесниците ќе учествуваат во викенд патувања за истражување на македонското културно наследство,







работилници и мрежни настани, продлабочувајќи го своето разбирање за македонските традиции и современи предизвици.
Дали сакате да го продолжите вашето престојување во Македонија?Оваа година екслузивно, **учесниците можат да останат дополнителна една недела како волонтери/координатори во Летниот Православен камп за млади во Битола.** За повеќе детали, контактирајте го **Гордан Јорданов на gjordanov@umdiaspora.org.**

**Летен православен камп: Вера, пријателство и заедница**

Пријавете ги вашите деца на незаборавното искуство на **Летниот православен камп за деца 2025год.** во Македонија. Овој камп ги обединува македонските деца од дијаспората и локалните заедници, вклучувајќи деца од семејства со финансиски потешкотии, на една недела исполнета со учење, културно истражување и активности на отворено.

**Детали за кампот:**
- **Датуми:** 20-27 јули 2025
- **Локација:** Хотел Lake View, Отешево, Македонија
- **Возраст:** 9-16 години (со одредена флексибилност)
- **Цена:** 300 EUR по дете
- **Активности:** Предавања за религија,, македонската историја, уметност и ракотворби, планинарење, пливање и културни екскурзии

Оваа година, UMD е посветен да обезбеди можност за децата погодени од траума, вклучувајќи ги и оние погодени од трагедијата во Кочани, да учествуваат во кампот, да добијат емоционална поддршка и да се вклучат во активности за заздравување.

**Донациите се добредојдени и многу ценети за да се покријат трошоците за децата на кои им е најпотребно.**

Ги покануваме членовите на македонската дијаспора да го поддржат овој проект со запишување на нивните деца, волонтирање како персонал на кампот или со донација.

За повеќе информации или за поддршка, контактирајте:

- **Во дијаспората:** Томе Таневски и Константина Ваневски (Базел, Швајцарија) - svnektarij@protonmail.com
- **Во Македонија:** Гордан Јорданов - gjordanov@umdiaspora.org

**Бидете дел од движењето**

Преку програмите Birthright Macedonia и Летниот православен камп, ОМД продолжува да инвестира во иднината на нашата заедница. Овие иницијативи нудат непроценливи можности за младите Македонци да се поврзат, да се развиваат и да придонесат за својата татковина.

Со поддршка на овие програми – било преку учество, донации или споделување информации – вие помагате следната генерација Македонци да остане поврзана со своето наследство и да биде подготвена да изгради посветла иднина.

Придружете ни се ова лето и заедно да направиме разлика. Заеднички можеме да ја почитуваме историјата, да ја зајакнеме сегашноста и да ја обезбедиме иднината на македонските деца.

PAY ONLY
3.5%
COMMISSION
when you sell your home with
Boris Dimovski, Broker of Record
Certain Requirements Apply
647-930-1521
boris@baskrealty.ca
www.baskrealty.com
Bask Realty Inc., Brokerage







THENEDANTEAM
RENOVATE ■ LIST ■ SOLD
■ Staging ■ Moving ■ Reno's ■ Storage
** NOT INTENDED TO SOLICIT BUYERS OR SELLERS UNDER CONTRACT
Vasko Nedanovski
NEDANREALESTATE.CA
Biljana Arsenovska
647.333.9628 Broker
CONTACT@NEDANREALESTATE.CA
416.906.1398 Sales Rep
Happy Easter!
RIGHT AT HOME


FOR LEASE
TORONTO
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR SALE
GEORGETOWN
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR SALE
MISSISSAUGA
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR SALE
MISSISSAUGA
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


WORKPLACE SAFETY
RMG
rmgconsulting.ca
Owners Robert Gill and Sue Eastwood
RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.
COR
IHSA.ca
Work Safe for Life
We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.
We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.
For more information
CALL OUR TEAM
905 761 9030

# Macedonian Cooking with Sue Eastwood






## *IT IS EASTER, AND IN MACEDONIAN HOUSEHOLDS THAT MEANS EASTER BREAD. WE CALL IT KOZINJAK.*

It is very much like a Brioche bread – lots of eggs and butter, lots of kneading (the eggs and butter cause the process of developing gluten (the structure that creates a strong elastic structure) to require more kneading. I use my Kitchen Aid with the dough hook, for easy work. It amazes me that my 80-year-old mom, Bona, still does it by hand.

This is a very traditional recipe that my mom shared with me. She makes a huge batch and freezes them- I scaled her huge recipe to only make two loaves. I am going to freeze and serve to my non-Macedonian guests next week. I also had a Polish/French friend over , she wanted to learn to make Kozinjak, so we went for it. It was her first time, and it turned out great. She has made it several times since then.

I've seen various Kozinjak recipes posted. Some seem much easier than this one. I asked my mom about that. Her response, " tia ne se vistinski Kozinjak ". Mom says that the key to a great Kozinjak is kneading it very well. The dough is difficult to work with as it is sticky. I know you are going to be tempted to add way too much flour. Resist the urge. This is not meant to be easy. But practise makes perfect, like all things in life that are worth the effort. How do you know that you have the right consistency? Trial and error. Mom uses her hand as a guide, she knows what she knows. While I bought her a Kitchen Aid many years ago, it sits, unopened in her cupboard. She insists that she must feel the dough with her hand. I insist that you can still stop the machine and feel it….and finally gave up. I won't win! She continues to do it her way, aching hands and all. Maybe that is why she is in great shape.

**Happy Easter, we are blessed to have our families to bake and cook for.**

Here is the recipe :

Kozinjak

Ingredients for 2 braided loaves

7 cups all purpose flour
3 eggs
1/2 cup unsalted butter ( one stick)
1 cup sugar
1 cup warm milk
1 tsp salt
2 tbsp yeast plus 1/2 cup water and 1 tsp sugar
1/2 rind of orange plus juice of the half orange
1/2 ounce of veg oil
1 egg for egg wash at end
Sesame seeds for topping.

Method

1- Let the yeast activate by stirring into half cup of warm water with the tsp of sugar.
2- beat the 3 eggs together and add
3 - add the sugar to the warm milk and dissolve.
4- combine all of the wet ingredients together in a large bowl and whisk. Add frothy yeast and stir.
5- combine flour with salt, orange ring( and mahlepi - optional)
6- add dry ingredients to wet gradually and combining as you go. If you need more flour, add it a little at a time.
7- knead into a soft pliable dough that is slightly sticky. Transfer to counter. Use a little flour to dust counter as knead the dough very well for at least ten minutes.
8- coat dough in oil, cover with Saran Wrap and let proof until doubled in size. About an hour.
9- punch dough down and let rise a second time.
10- place on counter and separate into two parts.
11- separate each part into three balls. I weigh mine to be 9 oz each.
12- roll each ball into a 10-inch rope. Use three ropes to braid each loaf.
13- let loaves rise again
14- gently brush with egg wash and sesame seeds.
15- bake at 315 f in pre heated oven. for 55 minutes. (grease your pan or place on wax paper ) Keep checking on it. If it is getting too brown, cover with foil.

I do not a very dark top. It doesn't look nice. Cover with the foil when you get to the colour you want. Just place it there, don't tuck. It will continue to bake, just will no longer brown the top.

Also, you can add flavouring to it. Some Macedonians like a spice called Mahlepi. I sometimes add chocolate chips and dust with icing sugar. Do I have your attention now?! Have fun, its only food.



















## МИЦКОСКИ: НЕМА ПОДОБАР НАЧИН ДА ГО ИЗРАЗИМЕ НАШИОТ ПАТРИОТИЗАМ И ЉУБОВ КОН ДРЖАВАТА И НАРОДОТ ОД ФОРМИРАЊЕ СЕМЕЈСТВО

Премиерот и претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски на настанот во организација на УМС по повод 34 години од формирањето на унијата, упати пораки на обединување како на младите така и на сите граѓани од сите етнички заедници, затоа што тогаш сите сме посилни.

Претседателот Мицкоски ова го истакна откако претходно посочи дека доаѓа од настан во Тетово, каде беше пуштен во употреба булевар и на кој настан присутни беа голем број на млади лица од сите етнички заедници, Македонци, Албанци, Турци, Роми.

„Мојата прва порака од овој настан е да бидеме сите како едно и кога сме како едно, тогаш никој ништо не може да ни направи. Кога сме раздвоени, кога сме поделени тогаш сме чесен плен за предаторите. Затоа е многу важно да бидеме сите ние како едно, а тоа посебно важи за младите луѓе“, рече Мицкоски.

Тој истакна дека исто така е важно, младите луѓе да бидат авангарда, каква што е Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ.

„Ова не е само роденден, 34 години Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ, туку ова претставува и една приказна која што се прераскажува од генерација на генерација, од Извршен комитет на Извршен комитет. Јас се надевам дека таа приказна ќе трае децении, а зошто да не и векови понатаму и ќе се прераскажуваат сите оние случувања кои што денеска се случуваат во една критичка, позитивна конотација. Убеден сум кога го гледам сето ова и тој потенцијал на млади луѓе овде, дека сето тоа ќе продолжи во таа насока“, истакна Мицкоски.

Понатаму Мицкоски рече дека кога зборува за приказната наречена УМС на ВМРО-ДПМНЕ, посочувајќи дека на УМС денеска се потпира функционирањето на државата, затоа што голем е бројот на луѓе кои што денеска предводат големи општини кои го поминале својот пат во Унијата на млади сили, се градоначалници, претседавачи на Совети, се директори на јавни претпријатија, пратеници како и министри во Владата која што својата младост ја поминале како дел од унијата.

„И затоа, со еден збор кога ќе заокружам, можам да кажам дека денеска Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ ја води Македонија, ги води процесите во Македонија. И јас сум убеден дека голем дел од вас и во иднина ќе продолжат тие процеси да ги водат, дали на локално ниво, дали во рамките на централното ниво. Јас сум пресреќен кога гледам вака мотивирани луѓе коишто се подготвени да го преземат тој предизвик и да се соочат со тие предизвици на дневно ниво и да ги решаваат“, потенцираше Мицкоски.

Мицкоски до младите испрати уште една порака до младите посочувајќи дека за секој еден млад човек убава е комоцијата во животот, секој еден млад човек сака да прошета, да излегува, да другарува, да стекнува нови пријателства, едноставно да ужива во младоста и тоа е во ред, но дека многу важна работа и вредност е и семејството.

„Во животот стекнуваме вредности и тие вредности понатаму ние ги пренесуваме на тие коишто нас не наследуваат, а една од тие важни вредности е и семејството. Денеска современиот патриотизам е и љубовта кон Македонија и сето она коешто е поврзано со Македонија е и иднината на Македонија како држава, но и иднината на еден од најмалку бројните народи во Европа, а тоа е македонскиот народ заедно со останатите граѓани кои што живеат денеска во Македонија, зависи токму од таа вредност, од тој столб наречен семејство. Тоа е многу важно, затоа што ако имаме многудетно семејство и доколку млади почнеме да формираме семејство, тогаш нема подобар начин да го изразиме нашиот патриотизам и љубовта кон сопствениот народ и сопствената држава“, посочи Мицкоски.



Тој додаде дека ова го кажува затоа што ние сме во една фаза на носење на закони, а дел веќе и се донесоа во основното и средното образование, каде што ја промовираме нашата единствена политика, а тоа е семејството како единствена вредност, како столб на државноста на Македонија, каде што ја напуштаме родовата политиката која ја водеше минатата влада.

„Тоа е она кое што е содржано во оние законски измени коишто ние ги имаме. Читанката, нема повеќе да биде јас, мама и тато, туку ќе биде јас, мама, тато, дада и бато. Тоа е многу важно, затоа што кога мене ќе ме прашаат кои се мерките кои вие ги носите во насока на подобра демографија, во насока на подобри и помногубројни семејства, тогаш мојот одговор е тука“, рече меѓу другото Мицкоски.

## БИТКАТА ЗА МАКЕДОНШТИНАТА МОРА ДА СЕ БИЕ И ВО АЛБАНИЈА

Превземено од порталот курир.мк

Парламентарните избори што ќе се одржат во Албанија на 11 Мај според албанскиот изборен модел не ветуваат дека македонското малцинство може да обезбеди пратенички мандат, со самостоен настап. Оттука одлуката на единствената македонска партија во Албанија - Македонската алијанса за европска интеграција да коалицира со владеачката Социјалистичка партија на премиерот Еди Рама се чини логичен избор за застапување на интересите на Македонците во парламентот. За тоа место, втор мандат бара лидерот на Македонската алијанса за европска интеграција, Васил Стерјовски.

Но, зошто е важно Македонците да бидат застапени во албанскиот парламент токму сега?

Заради бугарската стратегија за негирање на македонскиот идентитет и добро познатата тактика на поткуп на Македонците во Албанија со државјанства, пасоши, таблети, книги и слично, и преку бугарската амбасада во Тирана и преку фондацијата "Бугарска памет“, како посредник со официјална Софија.

А, притисоците и поткупот од бугарската амбасада и од бугарските фондации “Македонија” и “Бугарска памет“ не застанаа и по пописот. Ако претходно за Бугарин не се изјаснил НИТУ ЕДЕН, со активностите на овие организации и институции, за првпат во Албанија бројот на “бугарско“ малцинство изнесува речиси 8.000, а бројот на Македонците 2.281. И сето тоа како резултат на заканите од Софија до Тирана со вето, доколку не го признае до тогаш непостоечкото бугарско малцинство, со што се отвори патот за засилена агитација и асимилација на Македонците со добро познатите средства - пасош за Европа, со само една изјава дека апликантот се чувствува за “Бугарин“ или има “бугарски корени“.

Попуштањето на сите албански партии под заканата со вето на евроинтегративниот пат е тоа што ги остави Македонците без заштита од Албанија каде што живеат. Но, тоа што ветува е можноста Македонец повторно да стане пратеник, во исто време кога нема ниту еден “Бугарин“ на кандидатските листи за пратеници на било која политичка партија во Албанија. Само така вистината за Македонците во Албанија ќе биде гласна и видлива. Но, токму Васил Стерјовски како лидер на Македонската алијанса за европска интеграција е мета на бугарската пропаганда.

Во Основниот суд во Корча се одржа второто рочиште по тужбата поднесена од фондацијата “Бугарска памет“ од Бугарија, против единствената партија на Македонците во Албанија. Адвокатите на фондацијата тврдат дека Македонската алијанса за европска интеграција со официјален допис до албанскиот државен врв и меѓународните институции побарала забрана на активностите на оваа фондација, при што, според нив, ја наклеветила дека “корумпира албански функционери со цел асимилација на Македонците” како и дека учествува во создавање на “криминална група поврзана со бизнисот со бугарски пасоши, издавање лажни потврди и влијание врз пописот на населението во Албанија”.

Бугарската фондација “Бугарска памет“ од Македонската алијанса за европска интеграција бара оштета во висина од 10.000 евра и јавно извинување, тврдејќи дека е добротворна организација која преку донации помага, без никакви асимилаторски цели. Но, Стерјовски пред судот посочи дека фондацијата, иако се претставува како добротворна, всушност е "инструмент на бугарската држава за асимилација на македонското малцинство во Албанија”. Тој нагласи дека сите активности на бугарската фондација во Албанија се реализираат во “тесна координација со бугарската влада, Министерството за надворешни работи на Бугарија и бугарската амбасада во Тирана”. Иако адвокатите на бугарската фондација се подготвени на спогодба, Стерјовски ја одбива, бидејќи таа бара извинување и прекинување со јавните обвинувања.

“Ние сме Македонци и никогаш нема да прифатиме дека сме Бугари“, - повторува Стерјовски пред судот, додавајќи дека преку оваа тужба се врши притисок да се замолчи единствената политичка партија која се бори за правата и идентитетот на Македонците во Албанија.

Овој судски процес всушност ја разоткрива целата бугарска тактика. На слични организации, како таа на Виктор Стојанов, претседател на бугарската фондација “Македонија“ му е забранет влез во земјава поради непријателско агитирање и ширење омраза.

По катастрофалните резултати на пописот во Македонија, стратегијата на Софија е јасна - да покаже дека не е можно во Македонија да има 3.500 Бугари, а преку една држава да ги има 8.000.

Затоа, што повеќе Македонци пратеници, градоначалници и советници и во Албанија, толку повеќе желбата за санстефанска Бугарија во која живееле само Бугари станува небулозна.

И затоа, **БИТКАТА ЗА МАКЕДОНШТИНАТА МОРА ДА СЕ БИЕ И ВО АЛБАНИЈА!**



## АЛЕКСАНДАР ВОЛКАНОВСКИ ПОВТОРНО СВЕТСКИ ШАМПИОН ВО ПЕРО ЛЕСНА КАТЕГОРИЈА ПРОТИВ ДИЕГО ЛОПЕЗ



13 април 2025 година, Миами, Флорида, САД - Во извонредно тешка борба која траеше пет рунди, вчера во Центарот "Касеја" во Миами на Флорида, титулата светски првак во перолесна категорија во UFC-314, против Диего Лопез, повторно ја освои Александар Волкановски, австралиски државјанин од македонско потекло. Александар Волкановски го победи Диего Лопез со едногласна одлука на судиите и ја врати титулата во перолесна категорија!

Прв му честиташе неговиот татко, роден во Беранци, битолско.

Историјата вели дека тоа е невозможно да се случи: Никој никогаш не освоил шампионат во UFC откако доживеал два последователни порази, а борците на возраст од 36 години или постари имаа негативен биланс.

Александар Вокановски, исто така, излезе на сцена по 14-месечна пауза. Но, Александар Волкановски приреди возбудливо изненадување, беше обновен, освежен за уште една шанса за титулата. Иако неговите критичари би рекле дека е стар, подготвен да се откаже од титулата светски шампион, Александар Волкановски повторно победи!

Александар Волкановски задаваше многу моќни удари, само што Лопез постојано одеше низ нив како терминатор, решен да го освои златото во UFC. На крајот, тоа не се случи.

Сега легендата Волкановски само расте. Големиот Александар Волкановски стана и остана уште поголем. Александар Волкановски сега е двократен шампион на UFC во перолесна категорија со историска победа против Диего Лопез.

Александар Волкановски има 36 години, роден е на 29 септември 1988 година, во Волонгонг, Австралија, висок е 168 см, а тежок е 66 килограми. Диего Лопез има 31 година, роден е на 30 декември 1994 година, во Манаус, Бразил, висок е 180 см, а тежок е 66 килограми.

Честитки на Александар Волкановски за победата и титулата светски шампион во перолесна кетегорија на Врвното првенство во борење.

## МАКЕДОНСКИТЕ ФУДБАЛЕРИ СО ДОНАЦИИ ЗА КОЧАНИ



13 април 2025 година, Штутгарт, Германија - Фудбалскиот клуб "Македонија" од Штутгарт одигра натпревар со Фудбалскиот клуб "СБ Силенбах". Македонците победија со 4 према 0. Головите за ФК "Македонци" од Штутгарт ги постигнаа Александар Стоилов во 32 минута, Мирослав Јеремиќ во 40 минута, Нилс Гентер во 70 минута и Денис Стошиќ во 88 минута.

Фудбалскиот натпревар имаше и хуманитарен карактер, целиот приход од продажбата на влезниците, јадењето и пиењето, е наменет за семејствата на загинатите и повредените во националната трагедија во Кочани.

Македонскиот клуб "Македонија" од Штутгарт изразува благодарност за големото присуство на фудбалскиот натпревар и донациите.

## МАКЕДОНИЈА ЌЕ БИДЕ ДОБАР ДОМАЌИН НА МЛАДИТЕ ЕВРОПСКИ СПОРТИСТИ!

Деновиве во о Скопје се одржа средба со претставниците на 48 европски делегации на традиционалниот Chefs de Mission семинар во Скопје, во пресрет на Европскиот младински олимписки фестивал — ЕМОФ 2025. Министерството за спорт, заедно со Владата, силно застанува зад овој настан кој од 20 до 26 јули ќе ја направи Македонија центар на европскиот спорт. -Ќе бидеме домаќини на 4000 млади спортисти од цела Европа, во 15 спортски дисциплини, и ќе покажеме дека знаеме како се организира голем спортски настан со срце, одговорност и посветеност. Ова е можност да ги поддржиме нашите таленти и да инспирираме нови спортски идоли. Сигурен сум дека придобивките ќе бидат големи — за државата, за Македонскиот олимписки комитет, но најмногу за младите македонски спортисти. Негуваме спортски вредности и градиме идни македонски олимпијци!-истакнаа од Министерството за Спорт.



## ИЗДАДЕН ПРВИОТ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ НА ЛОКАЛИТЕТИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИЧЕВО И РЕОНОТ ИЛИНСКА ПЛАНИНА

Во рамките на проектот „Патот до селото: Создавање на одржлив рурален развој во срцето на природата", Рурална коалиција со поддршка на локалните туристички водичи и добри познавачи на регионот, го изготви првиот туристички водич кој што зборува за локалитетите кои треба да се посетат и кои што кријат недопрена природа како и бизнис можности за туризам и рурален развој.

– Конечно општина Кичево и регионот на Илинска планина добија сопствен туристички водич кој ќе овозможи позабрзан рурален развој и поинтензивен туризам. Преку промоцијата на водичот и неговото доставување до сите чинители во секторот туризам и рурален развој , се очекува да порасне бројот на посетители на регионот а ќе се создадат и можности за вложување во развојот на руралните средини во регионот на Илинска планина што ќе овозможи и раст на локалниот економски развој како и креирање на одржлив рурален развој. Инаку, овој туристички водич е изработен во рамките на проектот „Патот до селото: Создавање на одржлив рурален развој во срцето на природата", финансиран како подгрант, кој што ние го спроведуваме во рамките на проектот „Одржливо користење на природните ресурси на Кораб,Коритник, Шара и Албанските Алпи"- информираа од Рурална коалиција.








**Такси Томче Битола**

Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче. Такси превоз низ цела Македонија и надвор од неа. 25 годишно искуство како професионален такси возач.Тел: 070 743 330

**MACEDONIAN RADIO PROGRAM**

https://www.youtube.com/user/Oro-MakedonskoChicago




**Oro Makedonsko**

https://www.facebook.com/oro.makedonsko

*Boshko Rajchovski - Pelisterski*

*810-335-5552*




**Почитувани!**

На 18-ти мај, 2025 во МПЦ Раѓање на Пресвета Богородица во Стерлинг Хајтс, Мичиген, по светата Литургија ќе се изврши осветување на параклисот, посветен на Свети Никола Архиепископ Мирликијски.

Во нашата црква се наоѓаат свети мошти од Свети Никола.

На подот, кај што е извршен камен темелник ќе има мермерна плоча со македонската азбука.

На осветувањето ќе присуствуваат многу свештеници од епархијата и од другите сестрински цркви.

Осветувањето ќе го изврши неговото Високопреосвештенство Митрополитот Методиј.

После тоа во кругот на нашата црква за прв пат во историјата ќе се одржи пролетен пикник во слава и чест на осветувањето на Параклисот.

Сите сте добродојдени!

Nativity of the Virgin Mary
Macedonian Orthodox Cathedral
43123 Ryan Rd, Sterling Heights, MI 48314,
United States







## ПАТРИОТСКИОТ ВОЗНЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (18)

# ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ КОН ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА




ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ

Годинава се навршуваат 112 години од поделбата на Македонија, што се случило на 10 август 1913 година во градот Букурешт, Романија. Македонското национално прашање во очите на светот значи комплексно прашање, стратегиски поим кој може да предизвика бунт, оган ,ужас, бура, тоа е како вулкан, кој може да избувне во секој миг. Затоа никој не се осмелува да го чепне, во таа комплицирана балканска состојба и извртена историја кој секој си ја пишува според своите претпоставки, слична, испреплетена како Гордиевиот јазол што може да го одврзи само Александар Македонски. На 10 август 1913 година со територијалната поделба на Македонија беше направена една голема историска неправда, на еден миротворен народ кој само што сака мирно да живее, соживот со сите, почитување на нивното потекло, да биде признаен со сите белези на својот национален идентитет, како најбитно Автономија на својата земја. Сето ова се случи само за лични интереси поради алчност за да си ги задоволат империјалистичките апетити. Балканските држави го искористија моментот кога турската империја што туку почна да заслабнува, економски, политички и воинствено, посебно кога големите сили вклучувајќи ја и Франција која најмногу го користеше пленот, кога сите материјални ресурси што ги црпеше од потчинетите држави на султанот се исцрпени , тоа беше и сигнал за почеток на балканските војни, а со тоа настапи и црниот ден за Македонија. Бугарија, Србија, Грција и кралството на Романија веќе ја согледаа историската ситуација на Балканот како возможен момент и тој воен судир ќе оди во нивни прилог. Кој знае, можеби оваа политичка или кукавичка ујдурма била изрежирана многу порано, секој знаел што ќе добие и затоа пет држави се вклучиле во ова лудило и латентно се договориле а резултатот беше познат, за нив среќен рај, а за Македонија тажен крај. Поделбата на Македонија, македонските емигранти во дијаспората, посебно тие во Европа ја дочекале со голема горчина, понижени и омаловажени, тие нема да молчат туку напротив ќе се мобилизираат за посилно да биде нивното дејствување кон зачувување на македонската целовитост и така тие ќе станат посилни афирматори на македонската национална свест. Еден од многубројните, најистакнати и најдоследни организатори и промотори на македонското национално битие ќе биде Димитрија Чуповски. Тој бил член и основач на македонското научно литературно другарство основано во Санкт Петербург-Русија , од 1902 до 1917 година. Чуповски набрзо станува најважен и најголем македонски национален деец меѓу членовите на другарството и пошироко, голем поборник, заштитник и бранител на македонската национална самобитност . Тој силно се залагал и агитирал до големите сили за Македонија, за нејзиното обединување и конституирање како национална држава на македонскиот народ и народностите, негово верување за што тврдел дека македонскиот народ е автохтон и затоа е посебен и различен од другите, заради тоа тој заслужува да има своја држава, и македонскиот човек да живее слободно на исто место во иста земја. Тој појаснува дека македонскиот народ својата историја ја изградил со многу непрекинати борби од античко па се до новото време со многу крв и човечки животи, така ја зачувал својата слобода и достоинство . Таа борба и тие жртвувања не исчезнале туку се повторуваат и денес. Затоа ние бараме милосливост кон еден обесправен народ, онаа светлина што го напуштила сакаат повторно да ги осветли нивните срца. Чуповски и неговите следбеници остро ја осудиле поделбата на Македонија, водејќи се од тој принцип македонците ќе испратат меморандум до светските сили за враќање на веќе одземените македонски делови во кругот на географско-етничките граници на Македонија , и со тоа Македонија повторно ќе претставува посебна целина. Димитрија Павле Чуповски целиот свој живот ќе го посвети кон македонските национални стремежи .сепак тој ќе се соочи со тешкотии и спротивставувања и кај своите најблиски. Пропагандите бугарски беа толку силни кои го опишуваа Чуповски како српски агент , поткажувач, само заради што се школувал во Белград и бил назначен за учител таму. Такво чувство се појавило и кај некои негови роднини во Велес каде што престојувал и по нивно барање тој морал да ја напушти Македонија и пак да замине за Русија. Во Велес во 1905 година Чуповски се обидел да организира Панмакедонска конференција со поистакнати македонци што мислел дека ќе ја има нивната подршка, но излезе спротивното. Тој бил протеран од градот од локалниот началник од редовите на тогашното ВМРО Иван Наумов, тој дури му се заканувал со смрт поради неговите промакедонски и антибугарски идеи . Кога не успеал да ја пласира неговата идеја за Македонија до македонското население во Велес и велешко тој ја напуштил Македонија. Тој сфатил дека овде нема клима за работа за интересите на Македонија и македонското свето дело кога тука демне деструктивно бугарското влијание .Димитрија Чуповски заедно со другарството кое го носи името на просфетителот "Св. Климент Охридски" во кое членувале: Димитрија Чуповски, Крсте Мисирков, Дијамандија Трпков Мишајков, Стефан Јакимов Дедов, Д-р Гаврил Константинович и др. По научна основа овде се обидувале да го покренат , вниманието на големите сили, тие испратиле неколку меморандуми со што барале од султанот да и даде автономија на Македонија исто како и на Грција, Бугарија и Србија. Многу држави посебно балканските него признавале постоењето на МНЛД македонското научно литературно другарство поради нивните

завземени ставови, но од друга страна Советот на Санктпетербуршкото Словенско благотворно братство го признало како рамноправен член на советот и му дало целосна подршка во нивните дејствувања, тие дури им обезбедиле простории во кои друштвото би можело да одржува свои состаноци и советодавни седници, а подоцна доаѓала и помош од други руски организации со што се печатело литературен пропаганден материјал. Другарството на чело со Димитрија Чуповски се обидуваат да изнајдат разни начини и средства како да ја пласираат нивната мисија која ќе може да го привлече вниманието на големите сили. Тоа може да се реализира само преку научна, истражувачка и литературна дејност. Тој е еден начин како да се доближиме до главните фактори и да се запознаат со вистината на Македонија и македонскиот народ. За таа цел во 1905 година друштвото го издаде списанието "Вардар" тогаш прво научно, информативно и научно литературно списание , печатено на централните дијалекти на Македонија. Додека, пак , во 1913 година пред поделбата друштвото ја изработи првата етничка и географска карта на Македонија. А како додаток ќе го објави и списанието " Македонски глас" на руски јазик. Македонските емигранти во Русија, посебно членовите на македонското другарство употребувале и други методи покрај списанијата за да го прошират нивното гледиште за да достигне до државните органи на големите држави .За да ја осознаат состојбата на Македонија и страдањата на народот, друштвото испраќа многубројни меморандуми, апели, петиции, декларации , соопштенија и што не друго потпишани од Димитрија Чуповски кој беше претседател на другарството "Св. Климент Охридски". Досон Крик на многу убав начин го образложува животот и неговата значајност па затоа ќе рече: "Секогаш борете се за она што го сакате, не откажувај те се од тоа без разлика колку изгледа безнадежно." И токму од тие постулати се води Александар Костов еден од најдостоинствените членови на МНК Македонскиот Национален Комитет од Торонто, Канада кој најмногу се залагаше за ревизија и конечно решавање на Букурешкиот договор, ќе рече:" Ние сме само една мала гранка од едно големо дрво. И замислете си , ако некој ја отсече таа гранка, како тоа дрво ќе изгледа? Сигурно дека нема да го има истиот сјај . Ете гледате зошто, ние како здружение треба да опстоиме за да ја шириме нашата идеја на секаде каде ќе стигнеме, нашиот глас да биде толку силен да ги оглувиме сите оние кои не сакат да слушнат за македонското прашање и македонската вистина. Ние се наоѓаме во едно пресудно време и секој момент треба да се искористи до максимум. Нашето друштво ќе мора да ја продолжи борбата за Македонија, а таа нема свој завршеток, дури и во најпотресните моменти ние треба да сме таму, оти во животот нема безнадежна состојба, нашата борба има вредност и затоа е долготрајна. Низ вековите Македонија имала многу крвави борби за својот опстој, ова парче земја не се зачувало со седење, македонскиот народ се борел лавовски, тој имал и гладијаторски борби, наша должност е да го чуваме аманетот на нашите предци. Ние знаеме дека за се треба жртвување , тоа е и нашиот пат, нашето одредиште , нашата судбина каде завршува се, таму и ние треба да завршиме ама со дигната глава. Слатка е смртта само кога умираш за она што ти лежи на срце, а тоа е Македонија." Сите обиди и настојувања на нашите емигранти во Русија не беа достаточни за големите сили за да го сменат мислењето и да покажат милост кон народот што живеел на територијата на Македонија. Делегати на мировната конференција одржана во градот Букурешт, Романија на 10 август 1913 година кога била поделена Македонија биле:

Романија: Титу Мајореску (претседател на конференцијата) Александре Маргиломан, Таке Јонеску, Константин Дисеску и др.

Грција: Елефтериос Венизелос, Димитриос Панас, Николас Политис и др.

Србија: Никола Пашиќ , Михајло Ристиќ , Мирослав Спалајковиќ и Милан Недиќ.

Црна Гора: Јанко Вукотиќ и Јован Матановиќ.

Бугарија: Димитар Тончев, Иван Фичев, Сава Иванчов, Симеон Радев, Константин Станчов и др.

Димитрија Чуповски и по поделбата на Македонија тој не се откажал од борбата што веќе ја почнал за својата потчинета земја Македонска, оти веруваше на себе, имаше надежна мисла дека еден ден сепак ќе дојде тој слободарски ден, и Македонија ќе ја огрее слободарското сонце и затоа неисцрпно посилно ќе и се посвети за македонската национална самобитност и кон нејзиното обединување и конституирање како национална држава на македонскиот народ и на националностите што ќе живеат во неа. Чуповски можеме да го сместиме во листата на најзаслужените македонци, оти тој живееше во едно пресудно време и со неговата научно-истражна можност и револуционерниот капацитет ги освои срцата кај еснафскиот круг во кој тој делуваше. Тој беше општественик, борец, револуционер, публицист, историчар, афирматор на македонската национална мисла . Така и неговиот син на гробот ќе ги напише овие зборови Чуповски што му ги предал на неговиот брат Наце: "Борец за правото и слободата на македонскиот народ." Тој починал на 29 октомври 1940 год. На 61 годишна возраст во Санкт Петербург, Русија. Тој и

после 86 години од неговата смрт се уште трепка во нашите срца како голем проучувач на македонската историја и визионер на македонската иднина, неговите идеали и неговиот слободарски пат ни ги осветлуваат стапките по кои ние ќе треба гордо да чекориме. Овој непоколеблив поборник, предводник со своја сопствена идеологија успешно ја пласирал својата научна мисла преточена и продлабочена за да стигне до секој Македонец што ги прифаќа неговите идеали за самобитноста на Македонија. Ние не сме доволно зрели ако не веруваме во неговите капацитети. За еден човек со воинствена душа кој е спремен во секое време да умре за својата земја и за својот народ за да го докаже својот идентитет и својата посебност. Тој не умира се додека не ги увери непријателите дека немаат сигурни аргументи дека ние сме сосема друго од нивните верувања. А Чуповски тоа многу порано го докажал преку научно стекнати факти. Како редактор на весникот "Македонски глас" Димитрија Чуповски на насловната страница ги користи зборовите на Борис Сарафов, еден истакнат идеалист со возвишени цели за македонизмот со чувства и стремежи за својот посебен ентитет да го докаже пред очите на оние што не негираат со векови. Сарафов секогаш ја докажувал херојската татковинска љубов и својата борбеност кон македонштината тоа го прави со зборовите: " Ние македонците не сме ни Срби ни Бугари туку просто македонци. Македонскиот народ постои независност од бугарскиот и српскиот. Ние и сочувствуваме и на едните и на другите и на Бугарите и на Србите : кој ќе го помогне нашето ослободување, нему ќе му речеме благодарам, но Бугарите и Србите нека не заборават дека Македонија е само за Македонците". И после толку години и векови македонската ујдурма продолжува. Само разликата е во тоа што во денешно време чинителите се домашните слуги, кои многу се накотиле.












CANADIANA
FLOWERS

**www.canadianflowers.com**
**Design Studio, 3087 Kingston Road**
**Toronto, ON M1M 1P1**
**info@canadianaflowers.com**

**Toll Free: 888-265-767**
**Local: 416-265-6867**

Македонија

To send articles, advertisements,
or to subscribe to
Macedonia newspaper please contact us at:

**macedonia.canada@yahoo.com**
Call or text:
**416-827-0954**




**Dr. Elizabeth Dimovski**
**Family Dental Office**
**Home of the FREE**
**Custom Mouth Guard**
**For all our sports-playing patients! Call for details today!**
**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**
**905-458-6620**

## ПО ПАТОТ НА ХУМАНОСТА СО СОФИЈА ГОРГИЕВ





Деновиве сме преокупирани од една иста мисла- Како ли се чувствуваат нашите пријателчиња и нивните родители во Доминиканска Република , поточно во San Joaquin?

Минатата година кога си заминувавме им ветивме дека пак ќе играме, ќе се смееме, ќе пееме и заедно ќе спортуваме . И еве не' повторно се подготвуваме, по четврти пат да тргнеме во исполнување на нашата мисија да им пружиме топлина и љубов, да ги гушнеме, да им дадеме медицинска нега и да им искажеме поддршка во нивниот напредок и развој. Секако да им доставиме и матерјална помош, хигиенско - здравствена заштита и едукација .

Сите сме среќни за нашите хуманитарци на чело со Софија Горгиев ( Sophia Gorgiev), која како лидер не' води и ни' го трасира патот на хуманитарството и добродетелството .

## ATTENTION POST-SECONDARY STUDENTS

### Macedonian Language Course to be offered at University of Toronto

**A Macedonian language course will be offered at the University of Toronto beginning in September, 2025. This full-year course will be open for enrollment to University of Toronto students as well as to students in other Ontario post-secondary institutions. The course is offered by the Department of Slavic and East European Languages and Cultures and is listed in the U of T timetable.**

**"SLA 109Y Elementary Macedonian" teaches students the basic features of the grammar of the Macedonian literary language along with essential vocabulary for practical conversation and comprehension, supporting the development of reading and writing skills.**

**Interested U of T students will be able to count course credits from SLA109Y toward the Minor, Major, or Specialist programs of study in Slavic and East European Languages and Cultures.**

**The course is available to undergraduate and graduate students as well as community auditors.**

**Non-U of T students from other Ontario universities can enroll with permission of their home registrar as "Visiting Students" at https://future.utoronto.ca/apply/requirements/visiting-students.**

**Questions may be directed to the Department of Slavic and East European Languages and Cultures, University of Toronto.**
**Email: slavic@utoronto.ca**
**Phone: 416-946-0011**

CANADIAN MACEDONIAN HERITAGE SOCIETY

**2025 Annual General Meeting!**
**Annual General Meeting on**
**Saturday, April 26th**
**starting at 2 pm**
**Virtually on ZOOM**

Dear Supporter:

You are invited to attend our AGM meeting where you will be able to vote on motions and nominate other members to the Board, as well as decide on future decisions on the direction of the society. If you have some time, and can lend a hand with your skills, we invite you to consider joining a Committee, without the degree of commitment required to be a Board Director. Joining a Committee will give you an opportunity to find out more about the Society.
ONLY MEMBERS CAN ATTEND THIS MEETING.
Visit the following website and become a member for only $20.
https://www.canadahelps.org/en/charities/canadian-macedonian-historical-society
Once you become a member you will receive a link to attend our AGM.

Thank you to all of you for your continued support over the years and in the future.
Promoting public interest in the Heritage
of Canadian citizens of
Macedonian descent.

Mar Outow
President, CMHS

Pearl White
Dental Hygiene Clinic

Your Dental Hygienist:
Atina Gorgiev RDH

Accepting all insurances, including CDCP

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3



**На 1 април 1951 година** формиран е Архивот на Македонија — Ден на архивистите на Македонија.

**1 април е светски ден на шегата.** Овој ден го одбележува присуството на весели или други шеги, трикови и други практични шеги на различни пријатели, членови на семејството, наставници, соседи, колеги итн. Традиционално, во некои земји како Канада, Нов Зеланд, Обединетото Кралство и Јужна Африка, шегите траат само до пладне и некој кој прави трикови после пладне го нарекуваат „Априли-ли-ли“.

**-7 април** е Светски ден на здравјето — ден посветен на подигање на свеста за здравјето на луѓето ширум светот кој се одбележува на 7 април секоја година, под покровителство на Светската здравствена организација.

**-На 8 април 1993 г**одина со акламација во Генералното собрание на ОН, Република Македонија е примена како 181 рамноправна членка на Организацијата на обединетите нации под името „Поранешна Југословенска Република Македонија“.

**-На 9 април 1997** година почина Стево Теодосиевски — познат македонски естраден уметник, музички педагог и хуманист. Роден е во 1924 г. во Кочани. Во 1954 година ја запознава Есма Реџепова која подоцна ќе му стане животна сопатничка. Низ нивниот дом поминале 47 деца кои биле израснати и воспитани во традиционален дух достојно да ги наследат своите родители.

Ансамблот „Теодосиевски“ има одржано повеќе од 20.000 концерти, од кои околу 2.000 хуманитарни, има издадено 108 сингл плочи, 20 лонг - плеј плочи, 32 аудио касети, 15 компакт дискови, 6 видео касети и има снимено 12 емисии од по 30 минути за МРТВ.

**-На 10 април 1915 година** патувајќи од Мелник за Неврокоп, во близина на Рожденскиот манастир, Јане Сандански бил убиен од врховистичките наемници. Сандански е македонски национален херој, војвода и водач на Македонската револуционерна организација.

Со цел самообразување и дружење со седум други Македонци во 1897 година ќе го формира друштвото „Младост“ . Две години бил претседател на друштвото, а по разговорите во 1899 година со Димо Хаџи Димов кој бил учител во Дупница и Гоце Делчев, најпосле станал официјален член на ВМРО. Објаснувањата на Гоце дека „Кон слободата нема лесен пат“, и дека „Слободата нема да ни ја донесе ниту Фердинанд. нигу кој било друг. Сами ќе си ја пзвојуваме. но треба да се подготвиме за долга и тешка борба. Внатрешната организација ќе го подготви народот за востание. Робот треба да се прероди и да востане.". всушност ќе ги разбие сите нејаснотии и двоумења кај Јане. За него Гоце ќе стана апостол чија идеја како сенка ќе ја следи до крајот на својот живот. Синот на знаменосецот од Кресненското востание, следејќи ја идејата како и патеките на војводите од неговиот крај, Иљо Малешевски, Димитар Поп Георгаев Беровски и други, кои за Јане биле вистинска духовна храна, многу брзо се возвиши во народен трибун и во заштитник на народот, кој од почит го варекол „пирински цар".

По Рилскиот конгрес и целосниот расцеп во Организацијата, Сандански целата своја дејност ја заснова на самостојноста на Македонското ослободително движење, а борбите со четите на врховистите продолжиле со целата жестина во цела Македонија се до младотурската револуција. Влијанието на Јане Сандански врз македонската левица било забележано и од страна на бугарската влада, па и таа настојувала да го ликвидира.

**-На 13 април 2012 година** починал Ташко Георгиевски — македонски раскажувач, романописец и филмски сценарист, по потекло од Егејска Македонија. Роден бил на 15 март 1935 во с. Кронцелево, Воденско. Едно од неговите најпознати дела е романот „Црно семе“.

**-На 17 април 1898 во** Ќустендил починал Илија Марков, познат како Дедо Иљо Малешевски или Иљо Војвода (роден бил на 28 мај 1822 во Берово ) — македонски ајдутски и востанички војвода. Кон средината на XIX век, создал ајдутска дружина и дејствувал во областа на Источна Македонија, главно во Малешевијата. Иљо војвода со својата дружина, според можностите, го чувал својот крај од разбојниците, ги придружувал трговците и карваните по опасните патишна и одврем навреме ги казнувал масилниците за нивните злосторства, вршени врз христијаните. Затоа Турците го сметаат капитан Илија за разбојни и месните началства постојано се трудат да го фатат, но поради доброто расположение на христијанското население од областа, тој лесно се крие пред прогонувањата... походите на Иљо се многубројни. За нив се зборува различно, но сите се согласуваат во тоа дека тој е многу снаодлив и премногу внимателен. Со овие квалитети и со својата совршена трезвеност, тој може да се крие толку долго време од прогонствата на властите...

**-На 20 април 1991 година** на 11-от Конгрес на СКМ - Партија за демократска преобразба е формиран Социјалдемократскиот сојуз на Македонија.

**-На 20 април годинава** се празнува Велигден или Воскресение Христово — најважниот верски празник во православниот календар. Православните христијани на тој ден се поздравуваат со поздравот „Христос воскресна“ на што се одговара „Навистина воскресна“.

**-На 23 април 1972** година во Скопје е поставен камен-темелник на Соборниот архиепископски храм на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“, кој е осветен на 12 август 1990 година.

**-На 25 април 1191 г**одина започнало зографирањето на црквата „Свети Ѓорѓи“ во селото Курбиново, Ресенско.

**-На 27 април 1905** година кај месноста Свиланово, во близина на селото Рајчани, кочанско, во борба против османлиската војска загина Никола Карев — македонски револуционер, социјалист, организатор и претседател на Крушевската Република од 1903 година.

На чело на Крушевскиот револуционерен комитет застанува во јануари 1903 година. Учествува на Смилевскиот конгрес во мај истата година и се спротивставува на решението за кревање на Илинденското востание, сметајќи дека народот сè уште не е доволно подготвен да се крене на востание. Сепак, по одлуката за кревање востание, во својство на началник на Горскиот крушевски штаб, Карев активно учествува во подготовка и организација на востанието. Спроти Востанието, тој, во име на Штабот, објавува Проглас во кој го повикува народот на востание. Ноќта на 2 август 1903 година околу 750 востаници, предводени од горскиот началник Никола Карев, го нападнале и го ослободиле Крушево.

За време на востаничката власт во Крушево, Карев е на чело на Штабот на крушевските востаници и не врши ниту една од функциите во новоизбраните цивилни органи на востаничката власт. Сепак, фактички, тој бил на чело на новата востаничка власт во Крушево, поради што обично му се припишува функцијата претседател на Крушевската Република, иако за тоа нема формална основа. Како што напиша Кочо Топузоски:

„ Беспредметни се сите дискусии, дури и во научната јавност за тоа дали Никола Карев бил или не бил 'избран' за 'Претседател на Крушевската Република'. Тоа прашање воопшто не соодветствува на тогашните прилики, зашто таква функција во деновите на крушевската слобода воопшто не постоела и не можела да постои. “

Помеѓу поважните одлуки што ги донесе Карев е упатувањето на Крушевскиот манифест до околното муслиманско население во кое братски се повикуваше да ја поддржи и да ја помогне борба на сите обесправени во Македонија.

**-На 28 април 2001** година кај Вејце, Тетовско, на зверски начин се масакрирани 8 припадници на македонските безбедносни сили од страна на припадници на т.н. ОНА. Настанот се смета за едно од најголемите зверства во поновата македонска историја.

**-На 30 април 1944 г**одина во селото Стајовце, Кумановско, проширениот Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ го одржа првото заседание.




## ОСМАНЛИСКИТЕ АРХИВИ ДОКАЖАА: МАКЕДОНИЈА НИКОГАШ НЕ БИЛА ГРЧКА!

- Архивите на Турција како наследничката на Отоманската Империја располагаат со преголема документација за историската вистина и за Македонија и за Грција. Кај нас тие датотеки речиси воопшто и не се истражуваат. Не располагавме ниту создававме кадар кој знае турски, воопшто пак да чита турски со арапско писмо, пред воведувањето на латиницата.

Во 1993 година помошникот началник на Генералштаб на Турција, генерал Kurmay Başkanligi заедно со генералот Erdogan Oznal во Анкара ја издадоа книгата под наслов “Македонија не е грчка“.

Во оваа книга на 81 страници авторите претставуваат дел од османлиските архиви за границите на Македонија во рамките на Отоманската империја, табеларни прикази за бројот на жителите, територијата како и пописот на населението од 1904 година за тоа кои народи живееаат во Македонија и колкав е бројот на жителите пооделно за секој од нив.

Авторите на книгата “Македонија не е грчка“ зборуваат и за геноцидот врз Македонците од 1913-1918 година, кој го сметаат за многу поголем од голготата во 1948 година во Егејскиот дел на Македонија, под Грција.

Според турските архиви, турскиот Генералштаб располага со фрапантни податоци за масовен егзодус на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, присилно протерани во Бугарија.

Протерани Македонци од Егејскиот дел на Македонија по населени места: Кукуш 18.989, Серес 11.404, Зрнево 11.223, Демир Хисар 10.576, Сланик 7.285, Вардарски долен дел 7.257, Герман 5.195, Драма 4.233, Кесри 3.577, Селаник 1.782, Лерин 1.676, Лагадин 1.581, Зенес 1.442, Меглен 1.233, Воден 449, Кавала 381, Нигри 326, Бер 114, Ѓунеи 285 итн.

Според податоци, само во периодот од 1913 до 1928 година од Македонија биле присилно раселени 86.582 Македонци во Бугарија, а на нивните огништа доселени Египќани, Евреи и Власи. По ова може слободно да се каже дека Македонците го имале во овој временски период доживеано првиот егзодус. Во нивното протерување била применета сила, а околу 8.000 Македонци биле стрелани затоа што се спротиставиле на прогонството.

Според турските архиви Македонија во периодот од 1513 година па се’ до 1928 година се простирала на територија од 69.000 км2 или поточно 34.000 км2 Егејскиот дел на Македонија, 27.000 км2 Вардарскиот дел и 8.000 км2 Пиринскиот дел на Македонија.

Превземено од Старт.мк

АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ



ГРАД ВО МАКЕДОНИЈА КАДЕ ШТО СЕ СЛУЧИ ГОЛЕМА ТРАГЕДИЈА СО 59 ЖРТВИ ОД ПОЖАР ВО ДИСКОТЕКА · ВИД ПОЈНА ПТИЦА (МАЖJАК) · СТАРОЕГИПЕТСКИ БОГ · ВИД ТОПЛА НАПИВКА · Б · ТАЖНА ПЕСНА / ГРИЖА ЗА БОЛЕН · С · СТАРОТО ИМЕ ЗА ТАЈЛАНД · СИМЕНС · АНА БЕКУТА · МЕХМЕД НАГАЛЕНО · ИЗВИК ВО КОРИДА · ГРАДЕЖЕН АГОЛНИК СО ВАСЕР ВАГА · ПЕЈАЧ ОД БЕНДОТ "ДНК" · ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СВЕТА НЕДЕЛА, ЕЈЏЕКС

ЧАЈНИК / СТАР ЧОВЕК

УКРАСНА СОБНА БИЛКА · ИТАЛИЈАН. КОМПОЗИТ. ВИНЧЕНЦО / АГАТА КРИСТИ

РЕКА НА ГРАНИЦА НА С.А.Д. И КАНАДА · НЕДОЗВОЛЕНА ИГРА СО РАКА ВО СПОРТ / ЛИТАР

ДРЖАВА ВО ЕВРОПА · ПЕЈАЧ И ОСНОВАЧ НА БЕНДОТ "ДНК" · ПРИДРУЖЕН ВОКАЛ ВО БЕНДОТ "ДНК" · АРГОН / ФОРМА НА ТРИ ЛИСТА · СИРАКУСКИ ДВОРЈАНИН / СИЛА, МОЌ · ПОДЗЕМНО ЖИВОТНО / МАШКО ИМЕ

А · ОБЛАСТ ПОД ВЛАСТ НА ЕМИР (МН.) · ЕКС КОНГОАНСКИ ДРЖАВНИК ЖОЗЕФ



ГРАД ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА · ЕЛЕКТРОН / СКИЈАЧКАТА МОЗЕР ПРЕЛ · Д

БРАТОТ НА САМУИЛ · ИГЛОЛИСНО ДРВО / ИЗНАМЕН ЗА ПОСЕБНА ЦЕЛ · ЕКС ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА С.А.Д. АЈЗЕНАУЕР / КАЛИУМ · ЃУРО РАДОВИЌ / НЕКОНВЕНЦИОНАЛЕН ЧОВЕК

ЕДНА ДИМЕНЗИЈА (МН.) / БЛАГОРОДЕН КОЊ · МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТ (МН.)

Л · ЧИТАЈТЕ ГО ВАШИОТ ВЕСНИК · АВСТРИСКА РТВ / ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА

ХРАНА КОЈА СОДРЖИ МАСТИ · РЕКА ВО БиХ / ИЛИЈА МИЛЧИН · АВТОМАТИКА · ШАРА, ШАРЕНИЛО · В · ВЕРСКИ ПРАЗНИК, ВОСКРЕСЕНИЕ ХРИСТОВО · ПРИЛОГ ЗА МЕСТО / ПАЃАЊЕ

Б · ДИПЛОМАТСКИ СЛУЖБЕНИК / ТАНТАЛ · ЛОМИКУВАЊЕ / МАЛА МУЗИЧКА ТОКАТА

ВИД МИНЕРАЛ / РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ · МЕРКА ЗА ДОЛЖИНА (МН.) / ТУРСКИ ГОЛЕМЕЦ · ПЛАНИНА ВО СРЕДНА АЗИЈА / ПОРТУГАЛИЈА · ЕСТРЕЛА ОВАДИЈА / ГАЛЕРИЈА НА СЛИКИ

"БАНКА" / ЗАЕДНИШТВО, ДРУЖБА · ИТАЛИЈАНСКА РТВ / РИТМИЧКА СТАПКА · ПРИСТАП · Ф.К. ОД АЈНДХОВЕН / КАНЦЕР НА КОЖАТА (МН.)

С · ГАРИ КУПЕР · МЕШАВИНА / НА ОВОЈ НАЧИН



КУЈНСКИ САД ЗА ТОЛЧЕЊЕ · ЧОВЕК КОЈ СЕ ДАВИ / ЛЕТЕЧКА МАШИНА (МН.)

ЖАН СОРЕЛ · АЛТ / УГРОФИНСКИ ПАДЕЖ · Л · ИСТОК / ДРЗОК, НАСИЛЕН

ПОЗНАТ СВЕТСКИ СПОРТСКИ МАГАЗИН · НА НИЕДЕН НАЧИН · УТВРДЕН РИД (МН.)

МАШКО ИМЕ, ИВАН · СКОПЈЕ · ТОА ШТО ДОНЕСУВА НАДОЈДЕНА ВОДА (МН.)

ПОНД / ПРЕТСЕД. НА СВ. ДИМИТРИЈА, МАРКАМ · ЕНЦО СЕРИНИ / НИКОЛА ТЕСЛА · НАЈВАЖЕН ДЕЛ ОД ЦРКВА (МН.) · "ЈУЖНОАФРИКАНСКА РЕПУБЛИКА" · ПРИПАДНИК НА ИНДИЈАНСКО ПЛЕМЕ · Т · ТРОЈЦА ПЕЈАЧИ / СТОЈАН ТАРАПУЗА · АМПЕР / СПИСОК НА ИМИЊА · КОШАРКАРОТ ТОРП / РЕКА ВО ПАКИСТАН

Ж · ПОЛУПАРАЗИТСКА БИЛКА / КОНАК, МЕАНА

А · ТАТКОТО НА ОДИСЕЈ / ПРОСТ БРОЈ · ЛИЦЕ ШТО ПРАВИ МАНИКИР / ГЛ. ГРАД НА ШВАЈЦ.

СТАРИ СЛОВЕНИ / "ЧЕТА" · ТИВОК ВЕТЕР / ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА · МУЗИЧКА ГРУПА / ПОМАЛА ВОЕНА ЕДИНИЦА · ПЕЈАЧКАТА МАЛИНКОВА

МЕРКА ЗА ЕЛЕКТРИЧЕН ОТПОР · АФИРМАЦИЈА, ПОТВРДА / ПЛАТИНА · ВИД ЦВЕЌЕ / АУГУСТ ЦЕСАРЕЦ




ВЛЕГУВАЊЕ НА ИСУС ХРИСТОС ВО ЕРУСАЛИМ · МУЗИЧКО СЦЕНСКО ДЕЛО / ВОЛТ · АРТИСТКАТА СЛЕЛИНГ / ИТАЛИЈА

Ц · МУЗИЧКИ БЕНД КОЈ НАСТРАДА ВО ПОЖАРОТ

**РЕШЕНИЕ:** КОЧАНИ, САМОВАР, АЗАЛЕЈА, БЕЛИНИ, НИЈАГАРА, ХЕНДС, АР, ДАМОКЛО, КРТ, АВСТРИЈА, ИЛЕО, ЛАРИСА, Е, ДВАЈТ, АРОН, ЧАМ, К, ЃР, ДАЛЕЧИНИ, ОБОИ, ЛИПИЦАНЕР, ОРФ, МРС, РАМА, МЕЃУ, БИОТИТ, АТАШЕ, ПОМИН, РЈ, МЕТРИ, АЛТАЈ, ЕО, БКА, РАИ, ПРИОД, ПСВ, СЛОГА, ГК, МИКС, АВАН, ДАВЕНИК, ЖС, А, ЛЕТАЛА, И, ЕКИП, НИКАКО, ВАНЕ, НАНОСИ, П, ЕС, А, ОТИС, ЖАН СТОЈЧЕСКИ, ИМЕЛА, АНТИ, ЛАЕРТ, МАНИКЕР, Ч, ВЕТРЕЦ, БЕНД, АНИ, ОМ, ДА, НЕВЕН, ОПЕРА, ТОРИ, ЦВЕТНИЦИ, ДНК

# ВЕЛИГДЕН Е ПРАЗНИК НАД ПРАЗНИЦИТЕ, ЦЕНТАР НА ПРАВОСЛАВНАТА ВЕРА

## КАКВО Е ЗНАЧЕЊЕТО НА ВЕЛИГДЕН

Со доаѓањето на Велигден, се празнува победата на животот над смртта. Велигден и празниците поврзани со него секоја година паѓаат на различен датум. Пред одбележувањето на најголемиот христијански празник, претходи четириесетдневен пост.

Постот претходи на Велигден, но на него се надоврзува последната седмица пред Велигден која се нарекува Страсната седмица. Таа почнува од Лазарева сабота и Цветници, кои се врзани празници. Овие два празника всушност се влез во Страсната седмица. За верниците, периодот пред празникот претставува патување исполнето со: покајание, прошка, измирување, молитва, пост и учење.

## ЗОШТО Е ВАЖНА ПОСЛЕДНАТА СЕДМИЦА ПРЕД ВЕЛИГДЕН?

Затоа што таа е подготовка за дочекување на главниот празник, на Велигден. Последната седмица пред Велигден е специфична и е страдална седмица и затоа се нарекува Страсна или Страдална седмица. Тогаш се интензивираат и службите во православните цркви.

## ВЕЛИКИ ПЕТОК ИМА ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ВО ПРЕСРЕТ НА ПРОСЛАВАТА НА ВЕЛИГДЕН

Велики петок е ден кога под крстот на Христос останале само апостол Јован, Богородица и уште неколку жени. Тоа го сториле мотивирани од љубовта кон Христос. Велики петок е ден кога се исполнува сѐ по што следува оплакувањето и период на тридневен молк. Од моментот на оплакување следува период на исчекување на воскресението.

## ШТО СЛЕДУВА ВО САБОТА?

Со означување на Христосовото воскресение, значајно е да се напомене дека оние кои постеле треба да се причестат.

Целта на Христосовото доаѓање на Земјата е да може човека да го издигне на небото. Местото или настанот каде тоа се случува е причестувањето или влегувањето во реална мистична заедница со Бога. Причестувањето најсоодветно е да се прави на бдението вечерно, откако ќе се објави дека е полноќ, 12 часот и откако ќе се заврти три пати околу црквата. Некои луѓе кои не можат да издржат се причестуваат на саботната литургија, а некои на утринската литургија.



Црвеното јајце е симбол на празнувањето на Велигден. Дали бојадисувањето јајца во други бои е соодветен чин?

Црвеното јајце на Велигден е основен и вообичаен симбол кој може да се толкува на разни начини.

Се разбира дека е соодветно да се бојадисуваат јајца во разни бои, на што особено се радуваат децата. Боењето и украсувањето на јајцата е одраз на личната креативност, внимание и љубов.

На Велигден се поздравуваме со поздравот "Христос воскресе!", а возвраќаме со поздравот "Навистина воскресна".

Овие поздрави се протегаат се до Спасовден и тоа е период на славење. Првата седмица по Велигден, до Томината недела, се нарекува Светла седмица. Специфична е по тоа што според празнувањата е најсветиот период во годината.

# КОГА СЕ ГРИЖИТЕ ЗА ДРУГИТЕ, СЕ ГРИЖИТЕ И ЗА СЕБЕ

## Етика за млади

Состојбите во животот често бараат луѓето да им посветат мисли, внимание и дејност за нивно поправање. Болестите, тешкотиите, сиромаштијата, немањето, страдањата, меѓусебните несогласувања, тешките задачи, големите обврски и должности – сето тоа во човекот поттикнува внатрешна сила да се замисли и насочи кон решавање на проблемите.Исто така и лошата положба и страдањата на ближните предизвикуваат кај луѓето желба да им се најдат во олеснувањето на тешкотиите.Ваквата желба да се направи нешто добро, како и она што вистински е неопходно, се нарекува грижа. Таа претставува израз на внимание за проблемите и значи насочување кон обврските за тие да бидат извршени како што треба. Таа е човекова мисла за проблемите и негов однос кон нив, со цел да се најде нивно решение и луѓето да бидат ослободени од нивниот притисок.

Многу често грижата измачува, создава тешкотии за мислата и и' наметнува сериозни обврски на личноста. Оние што се трудат да ја извршат задачата или да им помогнат на блиските и страдалниците се вознемирени. Но таа возбуда е добра и корисна, таа помага да му се решат маките некому, како и да си најдат спокојство оние што треба да направат нешто. Тогаш грижата се покажува како корисна стапка на доаѓањето до добра состојба.

Загриженоста, однатре, може да ги нагризува и оние што не сакаат ништо да сторат или одбиваат да му помогнат некому во неволја. Оној што не ги прифаќа задачите, не ги гледа страдањата околу себе и не сака да му се најде некому, тој може да кажува дека нема грижи. Но таквата безгрижност не е радосна ослободеност на оној што ги решил проблемите или го направил она што треба и што се бара од него.

На таквите што не се доволно загрижени или кои ги занемаруваат обврските или го отфрлаат повикот за помош, вистинската грижа ќе им дојде кога над нив ќе се надвиснат нерешливи проблеми. Тогаш грижата го покажува најгрдото лице, зашто таквите луѓе нема кој да ги утеши, поради тоа што неразумната безгрижна личност си ги уништила помошниците во другите луѓе за разбирање на нејзините маки.



Проф. д-р Кирил Темков

**Етичка мисла**

**Му го даваш на светот најдобро до себе, а тој ти возвраќа со удари. Не е важно. Давај го најдоброто од себе!**

Нова Македонија/Фото: Маја Јаневска-Илиева/ Спомен-куќа на Мајка Тереза во Скопје

# ПРОМОЦИЈА НА КНИГИТЕ ЗА ДЕЦА ВО ИЗДАНИЕ НА ЛИТЕРАТУРНОТО ДРУШТВО "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" ОД ТОРОНТО





На 16 март годинава се одржа срдечна средба со учениците од Училиштето по македонски јазик при црквата Св.Климент Охридски, водено од учителката Снежана Тесовиќ. Промоцијата ја отвори претседателот на друштвото Зоран Карапанчев, а повеќе за книгите говореше членот на друштвото госпоѓа Вера М.Самарџанин.

Во текот на промоцијата децата прочитаа песни од книгите кои им оставиле најголем впечаток. За учеството во промоцијата учениците добија Благодарници.

Звучниот запис од промотивните читања беше објавен на редовната радио програма "Обединета Македонија" на уредничката госпоѓа Драгица Димовски.

Промоцијата заврши со уште едно убаво збиднување - роденденска прослава на госпоѓата Вера Самарџанин која на овој ден славеше двојна радост, роденден и промоција на книги за чие издавање таа имаше најголем придонес.

## *Поетско Катче*

## *Песни од членови на Л.Д. ,,Браќа Миладиновци,,*

### БЛАГОСЛОВИ

Дозволи да ме фрлат  
во темни зандани,  
само биди со мене Господе!  
Позволи да ги сокријат од мене цвеќињата,  
никојпат да не ги помирисам.  
И ѕвездите што небото го китат,  
со облак темен сокри ги.  
Нека оглувам и песната  
на славејот за мене да стивне,  
нека ми ги земат и планините и  
ливадите со сончевина исткаени.  
Само биди со мене Господе!  
Во далечна земја одведи ме,  
далеку од тие што ги сакам,  
само едно остави:  
молитва за ближните  
на усните да ми цвета,  
да те славам  
Благослови Господе!  
Твоето присуство поубаво е од  
најубавите цветни мириси.  
Мојата душа, мрачно небо големо  
како со ѕвезди,  
со молитви ја украсив.  
Ѕвона ѕвонат Господи,  
поубаво од песната на славејот,  
и ѕвон се слуша низ планините,  
низ ливадите и горите.  
Ѕвон се слуша во домовите,  
во колибите и во палатите,  
во занданите, во јамите,  
на болничка постела се слуша.  
Ѕвонот, ѕвони во срцата што копнеат  
да те примат.  
Зошто си Благ, зошто си љубов Господи.

**Наташа Бурзевска**

### ГОЛЕМ ДЕН ВЕЛИГДЕН

Нека Христовото воскресение  
внесе љубов, радост, здравје  
во секое православно семејство,  
почит и разбирање во секој дом.  
Нека Христовата голема светлост  
и љубов кон православните луѓе  
ја однесат тагата, маката, омразата  
и зависта  
онаму каде што нема луѓе во пуста  
пустелија.  
Нека Христовото жртвување  
биде потик и елан на сите луѓе во светот  
По неговите стапки да одиме  
Неговите зборови наш патоказ да се.

**Љубица Нешевска Симоновска**

### ДОЈДЕ МИГОТ

Дојде мигот духот да го смирам,  
стегата на студот вечно да ја скријам.  
Ми збоктиса од тежини и стеги,  
светот да го гледам како постојано се пени.  
Устата пуста сега нека цвета,  
душата со радост полна е сета,  
чемерот и жалот минато да бидат,  
голготата и пеколот вечно да минат.  
Сега сета среќа в срце се збрала,  
љубовта веќе не е радост мала,  
сребро и злато минатост се стара,  
мудрост и милост душава ми бара.

**Зоран Карапанчев**


Македонско Литературно Друштво "Браќа Миладиновци" – Торонто
ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА
Специјален гостин
Отец Александар Тодоровски
Презентација
ОД ГЛАГОЛИЦА ДО МАКЕДОНСКИ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК
Гости:
Elaine Gold
Директор на Музејот на Јазиците во Торонто
Студенти од
University of Toronto Slavic Academic Journal
УЧЕНИЦИ ОД УЧИЛИШТЕТО ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
ЧЛЕНОВИ НА Л.Д. "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"
UofT Slavic Academic Journal
Ден:25 Мај Време:13:00 Сала Ц Влез: слободен
МПЦ Св.Климент Охридски – Торонто


МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
АМЕРИКАНСКО-КАНАДСКАТА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА
AMERICAN-CANADIAN MACEDONIAN ORTHODOX DIOCESE
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH "STS. KIRIL & METODIJ"
1050 Pompton Avenue, Cedar Grove, NJ 07009
51st CHURCH CONVOCATION
AUGUST 29 TO AUGUST 31, 2025
51ви ЦРКОВНО-НАРОДЕН СОБОР
29 АВГУСТ ДО 31 АВГУСТ 2025 Г.

# Афоризми

• Животот треба да биде над науката, полн и складен и во него треба да владее здравиот разум. Не треба животот да и' се посвети на науката, туку науката-на животот.

• Кога мразам, си одземам нешто, кога сакам побогат сум затоа што го сакам.Прошката е повторно пронаоѓање на нешто свое што било отуѓено, мизантропијата е продолжено самоубиство; егоизмот најголема беда на едно суштество.

• Роден сум, живеам во времето, а не знам што е тоа ,,време'', се наоѓам на една точка меѓу две вечности,а немам никакви сознанија за вечноста: размислувам а, никогаш не дознав што е тоа што ги произведува мислите, не знам зошто постојам. Не знаев што е тоа класификација. Сега научив, затоа што и јас сум класифициран.

• Љубовта има законитости во својот развиток, свои животни времиња како цвеќето,како човековиот живот.Таа има своја раскошна пролет, свое жешко лето и есен која е за едните топла , светла и плодоносна, а за другите студена гнила и јалова.

• На пријателството не му требаат ниту робови, ниту господари. Пријателството ја сака рамноправноста.

• Не знам зошто е тоа така , но речиси на сите луѓе на кои им помагаш, престануваат да ти бидат пријатели.

• Раната што ќе ти ја зададе пријател никогаш не може да зарасне.

• Светлината беше вистинска, но сјајојот се изгуби.

# Вицови

**Што е брак?**
- Тоа е периодот после животот и пред смртта!

Доаѓа пијаница во кафеаната и вика:
- „Сите политичари се будали!
Трпе му вели:
- "Не навредувај!"
- „Што си ТИ политичар? прашува пијаниот.
- "Не, јас сум будала."

Старицата секое утро купува весник, ја гледа насловната страница, па бесно ја гужва и ја гази.
Еден ден продавачката ја прашува:
- Бабо, зошто купуваш весници кога не читаш?
- Само гледам некролози!
- Бабичке, некролозите се на последните страници!
- Оној што го чекам ќе биде на насловна!

Групата YouTube ќе свири на мојот роденден.
Не постои песна којашто не ја знаат.

- Љубов, што правиме за Денот на вљубените?
- Па, како ти се допаѓа Париз?
- Го сакам Париз!
- и Мадрид?
- Јас сум луд по него!
- Многу убаво, тогаш гледаме Пари Сен Жермен против Реал Мадрид!

Човек пристигнува во ординација и само што ќе објасни што не е во ред со него, кога ќе заѕвони телефонот на докторот. Докторот зборува 10 минути, го завршува разговорот и вели:
- Каде застанавме, рече?
- Да, реков дека ...
Повторно заѕвони телефонот и докторот повторно почна да зборува. По 10 минути, пациентот станува и оди дома.
- Каде отиде? го прашува докторот.
- Одам дома да ви се јавам!

-Еден човек се јавува во ординација и го прашува докторот за совет: - Докторе, жена ми е болна, го изгубила гласот и не може да зборува. Што да правам? - Уживај, човеку, уживај!

Математиката на скржавецот:
- Ако имаш 10 јаболка и му дадеш половина на брат ти, колку јаболка ти остануваат?
- девет и пол!

Директорот на јавно претпријатие ги пореди сите вработени и вели:
- Сите со средна школа треба да застанат лево, а сите со факултет да застанат десно.
Сите се движеа убаво, освен еден работник, кој ја крена рака и праша:
- Директоре, каде да застанам, јас имам само основно училиште.
- Ти стоиш тука, до мене! - му вели директорот.

На свекрвата баш и не и' се допаѓала снаата, па на свадбата и рекла:
- Знаеш, ќерко, таа венчаница што ја избра не ти е многу убава.
А снаата ќе:
- Нека, следниот пат ќе биде поубава!

## НАПРАВИ САМ




Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеките се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја. Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно!
Да почнеме:
Денес ќе ви дадам идеја како да си направите прекрасни христијански велигденски јајца со оригинална 14 каратна златна хартија за готвење:

1. Златна хартија 14 карати ;
2. Црвена боја за јајца;
3. Цврсти варени јајца;
4.Масло за премачкување.

Најпрвин сварете ги јајцата во вода во која сте додале малку оцет и сол. Еден трик за безбедно варење на јајцата во тенџере е да ставите мека платнена крпа на дното, ред јајца-ред крпа доколку сакате да не се допираат и безбедно да се сварат. Потоа исфарбајте ги со црвената боја за јајца. Откако убаво ќе се исуши бојата почнете со вашата декорација со златната хартија. Техниката со златна хартија е малку специфична бара стрпливост во нанесувањето бидејќи лесно се растура во сите правци. Многу е важно јајцата да бидат исушени ,и по ваша желба го ставате на крајот маслото за премачкување. Златните велигденски јајца добиваат посебен сјај и светат божествено!



Христос Воскресна, ВИСТИНА Е! Среќен Велигден браќа и сестри Христијани во целиот свет!
Уживајте во Велигденските празници со секоја ваша идеја и креација!
Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви Каролина Ристеска.

## ПРОДОЛЖЕТЕ ГО СВОЈОТ ЖИВОТЕН ВЕК ПРЕПОРАКИ ЗА ИСХРАНА НА ПОВОЗРАСНИТЕ

Со оглед на тоа што е познато дека исхраната значително влијае врз квалитетот и должината на животот, неопходно е правилно да се храниме, а посебно е важно тоа да го прават луѓето во зрело доба.
Основата на пирамидата на исхраната ја сочинуваат 8 чаши течност, односно 2 литри на ден. Водата е важен чинител на исхраната кај сите популациони групи, па и кај старите лица. Познато е дека 70 отсто од телесниот состав на човекот го сочинува водата, но кај старите лица тоа е под 60 отсто. Па, така, кај луѓето во одминати години се намалени резервите на вода. Кај нив постои зголемен ризик од дехидрација поради недоволно внесување или зголемено губење на течност, што претставува закана за нив, особено ако се хронични болесници. Со оглед на тоа што чувството за жед кај оваа популација е намалено, многу стари луѓе не се ни свесни за тоа и затоа не преземаат мерки на претпазливост, дури и кога живеат во услови на топла клима.

### ТЕЧНОСТ, ТЕЧНОСТ, ТЕЧНОСТ

Цереалии, леб, тесто - треба да се внесуваат во соодветни количества и треба да бидат основа на исхраната на старите. Тоа е затоа што оваа група продукти обезбедува јаглерохидрати од групата полисахариди, како и диетни влакна - растворливи и нерастворливи, исто така се и значаен извор на протеини, освен оризот. Со исклучок на овесот, тие се слаб извор на масти и холестерол. Добар се извор на витамини од групата Б, на витаминот Е, како и на минерали, посебно железо, цинк, магнезиум и фосфор.
Според научните докази, значењето на внесувањето на оваа група продукти е важно во превенцијата од кардиоваскуларни заболувања, гоење, дијабетес, некои карциноми, опстипација и дивертикулоза на цревата, хипертензија и подигање на отпорноста на имунолошкиот систем.
Исхраната што изобилува со зеленчук и овошје е уште една препорака за оптимална исхрана на старите луѓе. Значењето на овие продукти е во тоа што се извор на витамини Ц, А, на фолна киселина и биоактивни супстанции со антиоксидантна улога, а исто така се и извор на диетни влакна. Епидемиолошките податоци покажуваат дека лицата кои редовно конзумираат зеленчук и овошје имаат значително помал ризик за појава на коронарни болести на срцето, инфаркт, некои карциноми, се претпоставува и хипертензија, инсулин на независниот дијабет, катаракта и макуларни дегенерации на очите.

### ХРАНАТА КАКО ЛЕК

Млекото и млечните производи треба редовно да се користат, но како јогурт со намален процент на масти, или збогатено посно млеко, или обрано сирење и сл. Посно месо, бело месо, како и разни видови риби кои што се богати со омега 3 масни киселини. Видливите масти треба да се користат во вид на билни масла, како прелив преку оброците.
Врвот на пирамидата опоменува дека внесувањето шеќери, соли и масти треба да се ограничи и да се сведе на разумна мера.
Дополнувањето на пирамидата на исхраната за старите е во присутното знаменце на самиот врв кое укажува на значењето на додатокот на калциум, витамин Д и витамин Б12, но само ако постојат индикации за тоа и ако вообичаениот внес на храна што ги содржи овие нутриенти е недоволен.

### ПИРАМИДА НА ИСХРАНАТА НА СТАРИ ЛУЃЕ

• Масти, масла, шеќери и колачиња, ретко да се користат
• Суплементација со калциум, витамин Д и витамин Б12
• Млеко, јогурт, млечни производи. Минимум 3х
• Месо, пилешко, риба, мешункаст зеленчук,јајца, јаткасто овошје. Минимум 3х
• Зеленчук: минимум 3 порции
• Овошје: две и повеќе порции
• Леб, збогатени житарки, ориз, тестенини. Шест и повеќе порции
• Вода и течности. Минимум 8 чаши дневно

Accredited Nadcap

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

# VAC DEVELOPMENTS LTD

## http://www.vacdev.com

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

# *Bill Hristovski*




## *Join the VAC Dev Team!*

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## *VAC Developments Ltd careers*

***Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Planner Production - Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Manual Machinist***
Oakville, ON • Full-time

***Estimator Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Deburrer Grinding Technician - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Assembler Part Markers -Aerospace***
Oakville, ON • Full-time






# MEMORIAL GALLERIES INC

## ABOUT US

Memorial Galleries Inc. specializes in monuments and memorials, including grave markers and cremation urns with over 20 years of experience. Memorial Galleries has large inventory of beautiful natural granite monuments from traditional to modern monuments designs in many different colors.



**Memorial Galleries Inc. Monument Factory Outlet**

- Custom Design
- Markers
- Etching
- Repainting
- Final Date

Cemetery lettering



Huge inventory for customer selection

## OUR ADDRESS

53 Bertrand Ave. Unit 1
Scarborough ON M1L 4P3

Mail: mark@memorialgalleries.ca
Tel. +1 416-759-0293
Fax. +1 416-759-522

## BUSINESS HOURS

Monday-Saturday 10AM - 6PM
Sunday by appointment.



MEMORIAL GALLERIES MARKHAM LOCATION NOW OPEN!
WE'VE HELPED FAMILIES CELEBRATE AND COMMEMORATE THEIR LOVED ONES FOR OVER 25 YEARS AND OUR NEW MARKHAM OFFICE IS NOW OPEN! BUY ORTHODOX CROSS AND UPRIGHT MONUMENTS CAN SAVE UP TO 75%

THAN CEMETERIES.
VISIT US AT 9390 WOODBINE AVE UNIT 2B11, MARKHAM, ON L6C 0M5. 905-717-5310
You can also visit our monument factory and showroom in Scarborough at 53 *Bertrand Ave, ON M1L4P3.*




*Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE
O'Connor Bros. & Ralph Day Chapels

## Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто
## Macedonian Orthodox Calendar 2025 (by father Sasho Celeski)

**2025 АПРИЛ 30 дена**

| Ц | нов | стар | ТРЕВЕН |
|---|---|---|---|
| В | 1 | 19 | Св. мч-ци Хрисант, Дарија и др.; св. мч. Панхариј |
| С | 2 | 20 | Св. мч-чка Фотина |
| Ч | 3 | 21 | Св. Јаков Исповед.; преп. Серапион; |
| П | 4 | 22 | Св. свешт-мч. Василиј Анкирски ***Покаен канон - св. Андреј*** |
| С | 5 | 23 | Св. свешт-мч. Никон; преп. Никон Печерски ***Акатист*** |
| | | | Петта недела од Великиот пост, на ***св. Марија Египетска*** Гл. 8, Ев. В 8, На Литургија Апостол Евр (9, 11-14); Ев. Мк 47 (10, 32-45) |
| Н | 6 | 24 | *Преп. на Благовештение*; св. свешт-мч. Партениј Цариг. |
| П | 7 | 25 | Благовештение на Пресвета Богородица |
| В | 8 | 26 | *Одд. на Бл*; † **собор на св. Арх. Гаврил** |
| С | 9 | 27 | **Св. Лидија Македонска**; св. 3 Пречистан. нмч-ци |
| Ч | 10 | 28 | Преп. Петар Мегленски; св. Иларион Исповедник |
| П | 11 | 29 | Св. Марко Ареутски; преп. Јован Пустин |
| С | 12 | 30 | Преп. Јован Лествичник ***Лазарева сабота*** |
| | | | Шеста недела од Великиот пост, ***Цветна недела*** Ев. Мт 83 На Литургија Апостол Фил (4, 4–9); Ев. Јн 41 (12, 1-18) |
| Н | 13 | 31 | Цветници-Влегување на Господ Исус Христос во Ерусалим |
| П | 14 | 1 | Преп. Марија Египетска; св. Мелитон Сардиски |
| В | 15 | 2 | Преп. Тит Чудотворец; св. мч-ци Амфијан и Едесиј |
| С | 16 | 3 | Преп. Никита Исповедник; св. Улпијан |
| Ч | 17 | 4 | Велики Четврток |
| П | 18 | 5 | Велики Петок |
| С | 19 | 6 | Велика Сабота |
| | | | Недела ***Светла – Пасха Господова*** На Литургија Ап. Дела 1 (1, 1-8); Ев. Јн 1 (1, 1-17); на Вечерна Јн 65 (20, 19-25) |
| Н | 20 | 7 | Воскресение Христово – ВЕЛИГДЕН |
| П | 21 | 8 | Светол Понеделник |
| В | 22 | 9 | Светол Вторник |
| С | 23 | 10 | Св. мч-ци Терентиј, Помпеј и 40 мч-ци |
| Ч | 24 | 11 | Св. мч. Антип, еп. Пергамски; |
| П | 25 | 12 | Преп. Василиј Исповедник. *Источен Петок - Балаклија* |
| С | 26 | 13 | Св. мч. Артемон; св. мч-чка Томаида |
| | | | Втора недела по Пасха, ***Томина недела,*** Гл. 1; Ев. В 1, На Литургија Апостол Дела (5, 12-20); Ев. Јн 65 (20, 19-31) |
| Н | 27 | 14 | Св. Мартин Исповедник, папа Римски |
| П | 28 | 15 | Св. ап-ли Аристарх, Пуд и Трофим |
| В | 29 | 16 | Св. Агапија, Хионија и Ирина; |
| С | 30 | 17 | **Св. Кипријан Слепченски**, св. свеш-мч Симеон |

**2025 APRIL 30 days**

| D | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
|---|---|---|---|
| T | 1 | 19 | St. Chrysanthus and Daria, martyrs of Rome |
| W | 2 | 20 | St. Photina, Martyr |
| T | 3 | 21 | Venerable James the Confessor |
| F | 4 | 22 | St. Basil of Ancyra, hieromartyr ***The Great canon - St Andre*** |
| S | 5 | 23 | Venerable Nikon ***Akathist*** |
| | | | Fifth Sunday of the Great Lent, **St. Mary of Egypt,** Tone 8; Res. Gospel 8 on Divine Liturgy: Heb. (9, 11-14); Mk. 47 (10, 32-45) |
| S | 6 | 24 | Venerable Zachary *(Antef. of Annunciation)* |
| M | 7 | 25 | **Annunciation** |
| T | 8 | 26 | † **Synaxis Archangel Gabriel** *(Apod. of Ann.)* |
| W | 9 | 27 | St. Matrona of Solun, **Ven. Lydia of Macedonia** |
| T | 10 | 28 | Venerable Peter of Meglen; Venerable Hilarion Confessor |
| F | 11 | 29 | Venerable Mark, confessor; St. Cyril, mar. |
| S | 12 | 30 | Ven. John Climacus *Lazarus Saturday* |
| | | | Sixth Sunday of the Great Lent, **Palm Sunday,** Gospel Mt. 83 on Divine Liturgy: Philip. (4, 4–9); Jn. 41 (12, 1-18) |
| S | 13 | 31 | **Palm Sunday** - Entrance of Lord Jesus Christ in Jerusalem |
| M | 14 | 1 | Venerable Mary of Egypt |
| T | 15 | 2 | Venerable Titus |
| W | 16 | 3 | Ven. Nikita Confessor, st. Ulphian, martyr |
| T | 17 | 4 | **Great and Holy Thursday** |
| F | 18 | 5 | **Good Friday - Crucifixion of our Lord Jesus Christ** |
| S | 19 | 6 | **Great and Holy Saturday** |
| | | | ***Resurrection Sunday – Pascha – Easter*** on Divine Liturgy: Acts 1; (1, 1-8); Jn. 1 (1, 1-17);; Vesper Jn. 65 (20, 19-25) |
| S | 20 | 7 | **Resurection of our Lord Jesus Christ - PASCHA** |
| M | 21 | 8 | **Bright Monday** |
| T | 22 | 9 | **Bright Tuesday** |
| W | 23 | 10 | St. Terence, Pompius and others, martyrs |
| T | 24 | 11 | St. Antipas, hieromartyr |
| F | 25 | 12 | Ven. Basil the Confessor, st. Acacius BALAKLIJA |
| S | 26 | 13 | St. Arthemon, Hieromartyr; st. Tomais, Martyr |
| | | | Second Sunday of Pascha, **St. Thomas Sunday**, Tone 1; Res.Gospel 1; on Divine Liturgy: Acts (5, 12-20); Jn. 65 (20, 19-31) |
| S | 27 | 14 | St. Martin the Confessor, Pope of Rome |
| M | 28 | 15 | St. Aristarh, Pud and Trophim the Apostles |
| T | 29 | 16 | St. Agape, Erene and Chionia, Martyrs |
| W | 30 | 17 | St. Simeon, Hieromartyr; St. Ciprian of Slepche |


**,,Македонија,, е месечен весник на Македонците во Канада. Првиот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.**

**Contact: E-mail: macedonia.canada@yahoo.com; http://www.macedonianewspaper.com call:416-827-0954**


Почитувани читатели,
Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош. Затоа, Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија. Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.Ви благодариме.


Македонија

Locations:

The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid" 76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5

St Ilija Macedonian Orthodox Church 1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON

St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church 201 Main St N, Markham, ON

St Nedela Macedonian Orthodox Church 485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7

St. Nicholas Macedonian Orthodox Church 5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6

St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church 1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W

CANADIAN MACEDONIAN PLACE 850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6

Stari Grad 3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9

Markland Wood Pharmacy 4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

Old Mill Pastry Mississauga 385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

Pastries Delicatessen 290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

Sarajevo Grill & Meat 225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

Royal Meats 3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5

Mrakovic Meat & Deli 44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

**Голема благодарност до нашите соработници:**
Танас Јовановски - поранешен уредник на весникот ,,Македонија'', колумнист; Отец Александар Тодоровски соработник за верата; Никола Петковски - креатор на крстозборот за весникот Македонија; Зоран Андоновски – соработник; Снежана Тешовиќ - македонско неделно училиште-Свети Климент Охридски; Ташко Кубановски - за рубриката ,,Афоризми''(Постхумно, архивирани необјавени материјали); Зоран Карапанчев - фотограф, соработник; Боне Темелков - СМК-Канада; Специјални Дописници: За Македонците од Албанија известува Никола Ѓурѓај; Горнан Јовановски - колумнист; Од Пиринска Македонија за весникот Македонија: Стојко Стојков; Блага Дафовска во рубриката ,,Поезија со повод,,; Славе Катин - соработник публицист; Колумнисти: Горнан Јовановски; Диме Костов; Каролина Ристеска- ,,Направи сам,,; Су Иствуд - страница за македонски кулинарски специјалитети; и Александра Петковска - соработничка од Македонската Заедница во Канада



,,Македонија,, е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка. Излегува во првата седмица од месецот.

Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски заклучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.

***Почитувани читатели и соработници:***
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 25-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.

ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата. Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.

Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..

Со почит,
**Соња Лозановска,**
главен и одговорен уредник.
Техничко уредување и дизајн
**Соња Лозановска**

Mississauga, ON
L4X 1T2
macedonia.canada@yahoo.com
Published by 901039 Ontario Limited




# ЧЕСТИТ ВЕЛИГДЕН!
# ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!
# НАВИСТИНА ВОСКРЕСЕ!









**Планирате да најдете нов дом?**
Ајде да ги претвориме вашите цели во реалност!

Контактирајте ме на: **416-347-7689**
Е-пошта: **majadimitrievski129@gmail.com**

Ви благодарам за вашата доверба и поддршка.
**Маја Димитриевски | Ваш доверлив агент за недвижности**




**Доколку сакате да испратите подарок до Вашите мили и сакани роднини и пријатели во Македонија, за слава, имениден,роденден,годишница во брак,новороденче и за било какви други поводи, тоа ќе може да го сторите најбрзо преку бизнисот" The Gifting Studio"**



# OLD MILL PASTRY & DELI




***WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI***

## *Freshly Baked Bread and Pastries*

*Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop*

*We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts*

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke,
ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED

